Средно училиште на Град Скопје

гимназија „Никола Карев“- Скопје

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО ВО УЧЕБНАТА

## 2019/2020 ГОДИНА



Скопје, август 2020

**СОДРЖИНА**


1. **Идентификациони податоци**

2. **Вовед**
   2.1. Мисија
   2.2. Визија

3. **Организација на работата на училиштето**
   3.1. Материјално – техничка подготовка
   3.2. Организација на наставниот процес
   3.3. Извештај за успехот и редовноста на учениците
   3.4. Извештај за државна и училишна матура

4. **Реализација на наставата**
   4.1. Реализација на редовна, ИКТ, дополнителна, додатна и консултативна настава;
   4.2. Учества во натпревари
   4.3 Обуки и семинари

5. **Воннаставни активности**
   5.1. Реализација на воннаставните активности по месеци
   5.2. Учество во проекти
   5.2.1. Проект за безбедност во училиштата
   5.3. Работа на училишната заедница

6. **Работа на управните и стручните органи**
   6.1. Училиштен одбор
   6.2. Раководен кадар (директор, помошник директор)
   6.3. Совет на родители
   6.4. Одбори на родители
   6.5. Менаџерски тим на училиштето
   6.6. Стручна служба (педагог/психолог) на училиштето
   6.7. Наставен кадар
   6.8. Наставнички совет на училиштето

7. **Извори на финансирање и осовременување и реновирање на училиштето**

8. **Соработка со други субјекти и медиуми за промоција на училиштето**

1. **Идентификациони податоци**

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | **Средно училиште на Град Скопје,<br>гимназија „Никола Карев“** |
| **Адреса** | Ул. Никола Русински бр.2,  Карпош, Скопје |
| **Телефон    факс** | Тел: 3072773       тел/факс: 3072208 локал 109 |
| **Web страна** | http://www.nikolakarev.edu.mk |
| **e-mail адреса** | nikkarev@yahoo.com |
| **Верификација** | акт број 09-2436/1 од 15.05.2004 година<br>од Министерство за образование и наука |




Училиштето се наоѓа во општина Карпош III, спроти библиотеката ,, Другарче ”, спроти поликлиника ,, Букурешт ” и градската општа болница ,, 8 Септември ”. До училиштето се доаѓа по булеварот ,, Партизански одреди ” со секоја автобуска линија чии автобуси се движат по булеварот и булевар ,, Илинден ” со сите автобуски линии кои се движат по булеварот.



## 2. Вовед

СУГС Гимназија „Никола Карев“ е реномирано училиште кое во учебната 2019-20 ја прослави својата 75-годишнина. Во својата досегашна дологодишна традиција, со високостручен кадар и иновативните форми на настава ги подготвува учениците кои во училиштето го минуваат своето гимназиско образование за нивните понатамошни образовни усовршувања и професионално напредување.

Училиштето како образовна институција има одговорна задача да го овозможи процесот на промена и развој на личноста на младите луѓе и да ги насочува кон стекнување на релевантни знаења и вештини за нивната иднина, како и релевантни за заедницата чиј составен дел се тие. При тоа низ својата работа цели да вклучи образовни и воспитни процеси и услови, а кои истовремено ќе обезбедуваат сигурна и стимулативна средина која го следи глобалниот процес и паралелно придонесува кон развој на социјалната заедница.

Во својата работа училиштето вложува сериозни напори да придонесува кај учениците да се развие довербата за вистинска соработка, да се јакне самодисциплината, самокритичноста и натпреварувачкиот дух и да се гради сознанието дека учењето е мошне важно за иднината.

Преку силен образовен систем и солидна образовна основа се влијае на структурата на општеството, заедницата, семејството и на професијата. Секое време носи промени и задача на училиштето е да ги следи и одговори соодветно на истите, а тоа што ова училиште се труди да го овозможи е определбата да се оди во чекор со промените и секогаш да се биде меѓу најдобрите. На тој план ова училиште навистина има со што да се пофали. Од овде, во животот со крената глава тргнале голем број млади луѓе постигнувајќи успех на личен и на професионален план. Тие се најдобар показател за квалитетот и за вредноста на сработеното, а наедно и најдобра препорака за оние кои допрва ќе станат дел од историјата на СУГС „Никола Карев“.

### 2.2. Мисија на училиштето

СУГС „Никола Карев“ како прва гимназија во Македонија денес е модерно училиште со долга традиција, квалитетен и стручен наставен кадар, современо опремено со компјутеризирани училници, спортска сала, библиотека со читална, еколошки уреден двор. Училиштето обезбедува сигурна и безбедна средина во која се образува, воспитува и насочува кон развивање на висока еколошката свест кај младите, поттикнува индивидуалност, кооперативност, креативност и обезбедува солидна основа за успешно продолжување на образованието на високообразовните институции.

### 2.3. Визија на училиштето

Карев да биде стимулативна средина за стекнување на нови знаења каде современите образовни трендови и технологии ќе бидат во функција на нашите потреби и сите заедно, наставници, ученици, родители, ќе бидеме модели на добри граѓани, заслужни за новите постигнувања.

СИТЕ РАЗЛИЧНИ
СИТЕ ЗАЕДНО
ДО НОВИ ПОСТИГНУВАЊА

## 3. Организација на работата на училиштето

### 3.1 Материјално-техничка подготовка

СУГС гимназија „Никола Карев” Скопје , располага со училишна зграда од 6 939 м/2 со подрум, приземје и еден кат, и фискултурна сала од 1975 м/2.

**Просторни ресурси:**

| Просторија | Број | Намена |
|---|---|---|
| Кабинети | 11 | За извршување на работните задачи на вработените |
| Училници | 34 | За изведување на наставата во училиштето |
| Спортска сала | 1 | За изведување на наставата по спорт и спортски активности, како и за разни наставни и воннаставни активности. |
| Работилници | 1 | За потребите на домаќинот |
| Магацин | 1 | За складирање на материјали за потребите на училиштето |
| Соба за хигиеничарки | 1 | За потребите на хигиеничарките во училиштето |

**Опрема со која располага училиштето**

| Опрема која се користи во настава | |
|---|---|
| Компјутери во кабинети за настава - 162 | Музички системи – 2 |
| Компјутери во кабинети на активи - 9 | Осцилоскоп- 1 |
| Компјутери во канцеларии – 7 | Сет за механика - 1 |
| Телевизори – 12 | Галванометар- 1 |
| ЛЦД проектори – 23 | Видео и фотокамери – 1 |
| Печатари – 14 | флип чарт табли – 1+1 |
| Скенер – 2 | проекциони табли - 2 |
| Видеоплеер – 1 | Интерактивна табла – 20 |
| Графоскопи – 10 | Касетофони – 10 |
| Геометриски тела – 18 | Инфлуентна машина -1 |
| Дифракциона решетка – 1 | Ебонитна и стаклена прачка – 1 |
| Ласер – 1 | Инструмент за стојни бранови – 1 |
| Микроскоп – 1 | Модели на скелетен систем, срце, торзо – 1 |
| Глобус, географски карти – 2+30 | Бели магнетни табли – 25 |
| Климатизери- 23 | Магнети- 7 |
| Телескоп- 1 | Трофазен генератор- 1 |
| Динамометри-6 | Амперметри- 1 |
| Демонстратор на Њутнов закон- 1 | |

Училиштето е оградено со цврста железна ограда со што во голема мера се зголемува сигурноста за непречено одвивање на редовната и дополнителната настава, како и можноста од искористување на капацитетите во вечерните часови.

Дворот е уреден со зеленило и цвеќе. Покрај одговорните за хигиена, во одржување на дворот учествуваат и учениците со повеќе организирани настани.

Училиштето располага со нови клупи, нови наставни помагала, географски и историски карти и солиден библиотечен фонд. Училиштето има солидни санитарни јазли.

Училиштето работи во оптимални услови во однос на работа на час; санирани се подовите во сите училници каде биле оштетени, заменети се влезните врати (службен и ученички влез) и прозорците во сите училници во кои се држи настава. Училиштето има воспоставено соработка со Гарден центарот „Булка“ кои како стратешки партнер даваат поддршка во работата на училиштето.

**Јавни набавки**: Во текот на учебната 2019/20 година беа спроведени јавни набавки за канцелариски материјали, средства за хигиена, набавка на компјутери, одржување на компјутери, набавка на тонери, набавка на опрема, набавка на клима уреди, набавка на ситен инвентар, такси превоз, кетеринг услуги, консултантски услуги, тековно одржување на водовод, санитарии и парно, одржување и поправка на прозорци и стакло, делови за парно и ВЦ простории, делови за осветлување и електрика, делови за врати и прозорци, набавка на столици, превоз на ученици и вработени, за обука за вработени, поправка на клупи и столчиња, реконструкција на врати на училници, молерисување на училници и кабинети, набавка на нагледни средства за сите активи, набавка на услуги за хотелско сместување во земјата и странство, набавка на стоки-фитнес справи, санација и адаптација на кров во училиштето и спортската сала, набавка и поставување на врати, услуга за фиксна телефонија и интернет, адаптација на простор за наставно образовни активности, систематски преглед (основен пакет-стандарден минимум) .

## 3.2 Организација на наставниот процес

### Организација на наставата

Во СУГС гимн. „Никола Карев” беше реализирана редовна, дополнителна, додатна и консултативна настава, како и проектни активности. Редовната настава се реализираше во согласност со распоредот на часови во текот на наставната 2019/20 година.

Во интерес на организиран и успешен почеток на учебната година во училиштето се негува дел од организација што ги вклучува следните активности на 1 септември:

- секој ученик беше информиран за распоредот на часовите, зададатна, дополнителна и консултативна настава и проектни активности;
- секој професор беше информиран за распоредот на редовните часовии дежурствата;
- секој класен раководител доби распоред на часови на својата паралелка;
- распоредот на часови беше истакнат во наставничка канцеларија и во атриумот на училиштето.

Во текот на септември, учениците и родителите беа информирани за:

- термините за планираните родителски состаноци,
- термините за планираните класификациони периоди,
- термините за планираните состаноци на одборите на години
- термините за планираните средби на Советот на родители.

На овој начин и учениците и родителите беа запознаени со целокупната организација на сите одбори и управни органи.

Часовите се реализираа согласно со термините за времетраење во двете смени со два одмора за учениците и вработените, и тоа: прviolот одмор со траење од 25 минути по вториот час, и вториот одмор со траење од 10 минути по четвртиот час.

**Наставни планови**

Наставните планови за гимназиско образование, во учебната 2019/20 година беа подготвуваени во согласност со законските одредби за реализација на воспитно – образовната дејност од овој тип настава.

Наставниот план за гимназиско образование е конципиран во четири дела:

- Задолжителни предмети
- Изборни предмети
- Задолжителни изборни програми
- Проектни активности

**Задолжителните предмети** се програмско јадро на гимназиското образование и се однесуваат на сите ученици. Со нив се обезбедува општообразовен стандард од знаења кој ќе им овозможи на учениците проодност во сите подрачја на гимназискиот систем на образование.

**Изборни предмети**

**Во II година** секој ученик избра еден предмет од листата на изборни предмети:

- Информатичка технологија,
- Латински јазик,
- Елементарна алгебра,
- Говорење и пишување,
- Етика

**Во IIIи IV година** изборните предмети беа групирани во три изборни подрачја:

- општествено - хуманистичко А и Б
- природно - математичко А и Б
- јазично - уметничко А и Б

Овие подрачја нудат содржини кои им овозможуваат запишување на учениците на факултетите во Република Македонија. Со содржините кои ги обработуваат тие ја поттикнуваат креативноста на учениците и ги збогатуваат нивните знаења.

Организацијата на наставниот процес се реализираше според нормите и целите утврдени во Годишната програма за работата на училиштето и Календарот за работа на училиштето во учебната 2019/20 година, донесен од Министерството за образование и наука на РМ.

СУГС Гимназија „Никола Карев“ ја започна учебната 2019/20 година со 1.199 ученици распоредени во 32 паралелки, во кои наставата се изведуваше на македонски наставен јазик.

Учебната 2019/20 година започна на 2.09.2019 година, а завршува на 31.08.2020 година, додека наставната година започна на 3.09.2018 година, а заврши 19 мај 2020 година (за учениците од четврта година) и на 10 јуни 2020 година (за учениците од прва, втора и од трета година), со реализирање на 166 наставни дена за матурантите и 180 наставни дена за преостанатите ученици.
Наставата во учебната 2019/20 година започна според изготвениот распоред и се одвиваше непречено во две смени: I смена (за учениците од I и III година) и II смена (за учениците од II и IV година). Часовите од I смена започнуваа во 07:30 часот, а завршуваа во 13:00 часот, а часовите во II смена започнуваа во 13:30, а завршуваа во 19:05 часот.

Наставата ја изведуваа квалификувани стручни наставници кои навремено приложија изработени годишни планирања, а во текот на целата година и тематски планирања. Сите наставници изработуваа дневни подготовки, а директорот изврши увид во истите.

Користењето на информатичката опрема во наставата иако не секогаш со планираната фреквенција, сепак сите наставници се потрудија да реализираат 30% од наставата со користење на ИКТ. Во училиштето опремени се три училници со компјутери за реализација на часови со употреба на ИКТ и 20 училници со ЛЦД проектори. Набавени се 20 интерактивни табли наменети за употреба во наовата учебна година. Училиштето постојано вложува напори за опремата за ИКТ да се доведува во добра состојба и наставниците да можат што е можно повеќе да ја користат. Исто така, континуирано се изработува план за користење на ИКТ во наставата користејќи ја онаа опрема која е во добра состојба.

**Број на ученици запишани во учебната 2019/2020 година**

| Запишани во почеток на годината | | | Придошле во текот на годината | | | Напуштиле во текот на годината | | | На крајот останале | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| м | ж | Се | м | ж | се | м | ж | Се | м | ж | се |
| **515** | **584** | **1199** | **8** | **11** | **19** | **15** | **11** | **26** | **508** | **584** | **1092** |

## 3.3 Извештај за успехот и редовноста на учениците

### Успех

Успехот на учениците на крајот на наставната 2019/20 година, од вкупно 1.092 ученици, е претставен во следната табела:

| **Год** | **Број на ученици** | | **Одлични** | | **Мн. добри** | | **Добри** | | **Доволни** | | **Среден успех** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | |
| **I** | 119 | 161 | 57 | 106 | 54 | 50 | 9 | 3 | / | / | **4.47** |
| **II** | 125 | 157 | 63 | 127 | 48 | 30 | 10 | 4 | 1 | / | **4.53** |
| **III** | 134 | 141 | 45 | 98 | 61 | 41 | 28 | 2 | / | / | **4.29** |
| **IV** | **130** | **125** | 57 | 93 | 58 | 28 | 17 | 2 | / | / | **4.43** |
| **Вк.** | **508** | **584** | **648** | | **370** | | **75** | | **1** | | **4.43** |

По завршените поправни испити во двете испитни сесии, учебната година ја завршија **1 092** ученици. На крајот на учебната година во Училиштето е постигнат **среден успех 4.43** што е споредено со минатата учебна година кога завршиле **1 059 ученици** со среден успех **4.29, успехот е повисок.**

**Редовност на учениците**

Редовната посетеност на наставата е еден од клучните фактори за остварување подобри резултати од страна на учениците. Во текот на учебната 2018/2019 во училиштето се направени **вкупно 78.663** ( **71.84** просечно изостаноци по ученик), од кои **оправдани** 73.186 и **неоправдани** 5 477 изостаноци.

| Година | | I | | II | | III | | IV | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Опр.** | **Неопр.** | 10 034 | 381 | 14 000 | 794 | 12 641 | 934 | 16 001 | 1 340 |
| **Вкупно** | | 10 415 | | 14 794 | | 13 575 | | 17 341 | |
| **Просек по ученик** | | **37.20** | | **52.46** | | **49.36** | | **68.00** | |
| | | | | | | % училиште | | **51.40** | |

Ако се спореди со претходната учебна година, состојбата е следна:
Во текот на учебната 2018/2019 во училиштето се направени **вкупно 78 663** (просечно изостаноци **71.84** по ученик), од кои **73 186 оправдани** и **5 477 неоправдани**изостаноци.

Со оглед на горенаведеното, може да се каже дека оваа учебна година е намален бројот на изостаноци во споредба со минатата учебна година, но фактор ко се наметнува во однос на намалувањето на изостаноците е далечинското учење кое се реализираше од домовите на учениците и не се следеше редовноста на регуларниот начин.

Поведението на учениците на крајот на наставната 2019/20 година (од вкупно 1.092 ученик) е претставена во следнава табела:

| **Година на образование** | **примерно** | | **добро** | | **незадоволително** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| **I** | 118 | 160 | 1 | 1 | / | 1 |
| **II** | 121 | 155 | 4 | 2 | / | / |
| **III** | 120 | 130 | 8 | 4 | 6 | 7 |
| **IV** | 106 | 122 | 16 | 2 | 8 | 1 |
| **Вк. по пол** | 465 | 567 | 29 | 9 | 14 | 9 |
| **Вкупно** | **1032** | | **38** | | **23** | |
| **%** | **94.50** | | **9.22** | | **2.11** | |

**Успех на генерацијата 2016 – 2020 / завршуваат 4 та година**

| Год. | Број на ученици | | Одлични | | Мн. добри | | Добри | | Доволни | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | Ж | м | ж | |
| I 2016-2017 | 139 | 128 | 55 | 49 | 63 | 63 | 22 | 14 | / | / | **4.14** |
| II 2017-2018 | 135 | 124 | 49 | 66 | 65 | 44 | 25 | 11 | 2 | / | **4.19** |
| III 2018-2019 | 128 | 125 | 55 | 76 | 62 | 51 | 29 | 7 | / | / | **4.17** |
| IV 2019-2020 | 130 | 125 | 57 | 93 | 58 | 28 | 17 | 2 | / | / | **4.43** |

**Редовност на учениците2016-2020 – завршуваат 4 та година**

| Год. | оправдани | | неоправдани | | вкупно | | просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж | |
| I 2016-17 | 7 242 | 6 101 | 642 | 366 | 7 884 | 6 467 | **53,75** |
| II 2017-18 | 9 393 | 8 557 | 718 | 444 | 10 100 | 7 892 | **69,46** |
| III 2018-19 | 8 819 | 9 692 | 673 | 593 | 9 492 | 10 285 | **70,63** |
| IV 2019-20 | 8 208 | 7 793 | 728 | 612 | 8 936 | 8 405 | **68,00** |

**Детален преглед на успехот и редовноста на учениците на крајот на учебната 2019-20 година – ПРВА ГОДИНА**

| Успех | одличен | | мн.добар | | добар | | доволен | | Вк. | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | | |
| | 57 | 106 | 54 | 50 | 9 | 3 | / | / | | |
| Вкупно | **163** | | **104** | | **14** | | **/** | | **280** | **4.47** |
| | | | | | | | | | | |
| Број на ученици | Запишани | | | | Напуштиле | | | Придошле | | Останале |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во I година | м | ж | м | ж | м | ж | М | ж |
| | 122 | 158 | 6 | 5 | 3 | 8 | 119 | 161 |
| | 280 | | 11 | | 11 | | 280 | |

| Изостаноци | Оправдани | | неоправд. | | Вкупно | Просек | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж | | |
| | 4 466 | 5 568 | 181 | 200 | 4 647 | 5 768 | 37.20 | |

**Детален преглед на успехот и редовноста на учениците на крајот на учебната 2019-20 година – ВТОРА ГОДИНА**

| Успех | одличен | | мн.добар | | добар | | доволен | | вк | Прос |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | | |
| | 63 | 127 | 48 | 30 | 10 | 4 | 1 | / | | |
| Вкупно | 190 | | 78 | | 14 | | 1 | | 282 | 4.53 |

| Број на ученици | Запишани | | напуштиле | | Придошле | | Останале | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во II година | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| | 127 | 157 | 3 | 1 | 1 | 1 | 125 | 157 |
| | 284 | | 4 | | 2 | | 282 | |

| Изостаноци | Оправдани | | неоправд. | | Вкупно | | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж | |
| | 6 434 | 7 566 | 368 | 426 | 6 802 | 7 992 | 52.46 |
| Вкупно | | | | | | | |

**Детален преглед на успехот и редовноста на учениците на крајот на учебната 2019-20 година – ТРЕТА ГОДИНА**

| Успех | Одличен | | мн.добар | | добар | | доволен | | вк | Прос |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | | |
| | 45 | 98 | 61 | 41 | 28 | 2 | / | / | | |
| Вкупно | 143 | | 102 | | 30 | | / | | 275 | 4.29 |

| Број на ученици | Запишани | | напуштиле | | Придошле | | Останале | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВоIII година | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| | 136 | 144 | 6 | 4 | 4 | 1 | 134 | 141 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **280** | | **10** | | **5** | | **275** |
| | | | | | | | |
| **Изостаноци** | **Оправдани** | | **неоправд.** | | **Вкупно** | | **Просек** |
| | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | |
| | **5 906** | **6 735** | **528** | **406** | **6 434** | **7 141** | **49.36** |

**Детален преглед на успехот и редовноста на учениците на крајот на учебната 2019-20 година – ЧЕТВРТА ГОДИНА**

| **Успех** | **одличен** | | **мн.добар** | | **добар** | | **доволен** | | **Вк** | **Прос** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | | |
| | 57 | 93 | 58 | 28 | 17 | 2 | / | / | | |
| **Вкупно** | **150** | | **86** | | **19** | | **/** | | **255** | **4.43** |

| **Број на ученици во IV година** | **Запишани** | | **напуштиле** | | **Придошле** | | **Останале** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| | **130** | **125** | **/** | **1** | **/** | **1** | **130** | **125** |
| | **255** | | **1** | | **1** | | **255** | |

| **Изостаноци** | **Оправдани** | | **неоправд.** | | **Вкупно** | | **Просек** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | |
| | **8 208** | **7 793** | **728** | **612** | **8 936** | **8 405** | **68.00** |

Со цел и понатаму да се намалат изостанувањата, наша заложба и во иднина ќе биде поголема ангажираност на наставниците и на педагошката служба, но и поголема вклученост на родителите во поглед на навременото информирање за причините за отсуството на учениците.

| **СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА ИЗОСТАНОЦИ** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2018/2019** | | | | | | | | |
| | оправдани | | неоправдани | | вкупно | | | |
| | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **вк** | **просек** |
| **I** | 6534 | 7134 | 419 | 443 | 6953 | 7577 | 14530 | 51.34 |
| **II** | 8819 | 9692 | 673 | 593 | 9492 | 10285 | 19777 | 70.63 |
| **III** | 8358 | 8676 | 731 | 676 | 9089 | 9352 | 18441 | 72.89 |
| **IV** | 9711 | 14262 | 1031 | 911 | 10742 | 15173 | 25915 | 92.89 |
| Вк. | **33422** | **39764** | **2854** | **2623** | **36276** | **42387** | **78663** | **71.84** |
| **2019/2020** | | | | | | | | |
| | оправдани | | неоправдани | | вкупно | | | |
| | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **вк** | **просек** |
| **I** | 4 466 | 5 568 | 181 | 200 | 4 647 | 5 768 | 10 415 | 37.20 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **II** | 6 434 | 7 566 | 368 | 426 | 6 802 | 7 992 | 14 794 | 52.46 |
| **III** | 5 906 | 6 735 | 528 | 406 | 6 434 | 7 141 | 13 575 | 49.36 |
| **IV** | 8 208 | 7 793 | 728 | 612 | 8 936 | 8 405 | 17 341 | 68.00 |
| Вк. | **25 014** | **27 662** | **1 805** | **1 644** | **26 819** | **29 306** | 56 125 | 51.40 |

| **СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА УСПЕХОТ** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **успех во 2018/2019** | | **успех во 2019/2020** | |
| **успех по години** | **успех во 2018/2019** | **вкупно ученици** | **успех во 2019/2020** | **вкупно ученици** |
| **I** | **4,36** | **283** | **4,47** | **280** |
| **II** | **4,17** | **280** | **4,53** | **282** |
| **III** | **4,10** | **253** | **4,29** | **275** |
| **IV** | **4,50** | **279** | **4,43** | **255** |
| **Вк.** | **4,29** | **1095** | **4,43** | **1092** |

**Успех и редовност на паралелки -** 2018-2019

| **Клас** | **Ср. успех** | **% изост.** | **Класен раководител** | **Клас** | **Ср. успех** | **% изост.** | **Класен раководител** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1-1 | 4,46 | 34,33 | Жаклина Стојановска | 2-1 | 4,61 | 38,47 | Зоран Станковиќ |
| 1-2 | 4,46 | 50,64 | Ирена Добреска | 2-2 | 4,43 | 51,21 | Драгица Панова |
| 1-3 | 4,16 | 39,60 | Венцислав Рангелов | 2-3 | 4,59 | **33,17** | Станка Миновска |
| 1-4 | 4,45 | 41,71 | Анета Јовановска Тодосовска | 2-4 | 4,50 | 62,32 | Росица Костова |
| 1-5 | 4,49 | 34,59 | Елизабета Михајловиќ | 2-5 | 4,34 | 65,63 | Лена Миловановиќ |
| 1-6 | **4,65** | **27,00** | Татјана Л. Кулишевска | 2-6 | 4,60 | 61,83 | Еленица Илиевска |
| 1-7 | 4,64 | 27,71 | Гордана Арсовска | 2-7 | **4,65** | 52,58 | Билјана Љубенска |
| 1-8 | 4,49 | 41,74 | Маја Филиповска | 2-8 | 4,54 | 54,78 | Сава Димоска |
| **Клас** | **Ср. успех** | **% изост.** | **Класен раководител** | **Клас** | **Ср. успех** | **% изост.** | **Класен раководител** |
| 3-1 | 4,52 | 42,20 | Наташа Стојчевска | 4-1 | 4,55 | 56,43 | Елеонора Симоска |
| 3-2 | **4,68** | **33,61** | Ела Билинска | 4-2 | 4,77 | **32,71** | Анкица Талеска |
| 3-3 | 3,97 | 44,80 | Марина Ристовска | 4-3 | 4,16 | 83,20 | Ана Пота |
| 3-4 | 4,28 | 47,54 | Лилјана Лешниковска | 4-4 | 4,33 | 87,30 | Борче Милошевски |
| 3-5 | 4,19 | 57,73 | Наташа Павловска | 4-5 | 4,47 | 62,17 | Емилија Нацева |
| 3-6 | 4,25 | 71,57 | Билјана Спиридонова | 4-6 | 4,27 | 68,55 | Валентина Панџарова |
| 3-7 | 4,24 | 47,03 | Даница Митреска | 4-7 | 4,18 | 98,13 | Билјана Костова |
| 3-8 | 4,22 | 50,40 | Игор Јанев | 4-8 | **4,79** | 55,35 | Јасмина Беличанска |

**Најдобри ученици**

Со желба за зголемување на мотивираноста на учениците и годинава продолжи традицијата за прогласување **првенци на генерацијата,** како и **првенци на класовите**. Во училиштето, години наназад, се прогласува **ученик на генерацијата.** Годинава за ученик на

генерацијата Наставничкиот совет ја прогласи ученичката **Давид Стојковски 4-1**, а се избраа и **најдобри ученици во класовите и во годините.**

| Клас | Првенец на клас |
|---|---|
| I1 | Мила Ќурчинска |
| I2 | Магдалена Костадиновска |
| I3 | Андреј Петковски |
| I4 | Исидора Тримовска |
| I5 | Бојан Блажевски |
| I6 | Ева Карамановска ? |
| I7 | Огнен Стефановски |
| I8 | Александар Коцев |

| Клас | Првенец на клас |
|---|---|
| II1 | Мартин Ѓорѓески |
| II2 | Петар Стојановски ? |
| II 3 | Марија Ефтимова |
| II4 | Христина Веселиновска |
| II5 | Сандра Шандаровска |
| II6 | Марија Антониева |
| II7 | Јана Николовска |
| II8 | ?? |

| Клас | Првенец на клас |
|---|---|
| III1 | Мартина Митревска |
| III2 | Васил Ханџиски |
| III3 | Теодора Петковска |
| III4 | Јелена Стојмановиќ |
| III5 | Нина Јовановска |
| III6 | Мила Јовановиќ |
| III7 | Теодора Цилева |
| III8 | Фросина Милошевска |

| Клас | Првенец на клас |
|---|---|
| IV1 | Сара Вуќелиќ |
| IV2 | Анастасија Лазова |
| IV3 | Јана Горгиевска |
| IV4 | Анастасија Ѓорѓеска |
| IV5 | Симона Браикова |
| IV6 | Моника Чучуљ |
| IV7 | Мила Стевиќ |
| IV8 | Бојана Пачемска |

По пријавените кандидати за првенци по класови, и по увидот на поднесените пријави со критериуми за номинирање на првенци и опсежната дискусија која се водеше на еден од наставничките совети, за првенци во своите генерации се избраа:

- за прва година Мила Ќурчинска од I-1 клас
- за втора година, Ева Стојчевска од II-8 клас
- за трета година, Кристијан Поповски, III-2 клас
- за четврта година, Давид Стојковски од IV-1

**Давид Стојковски за првенец на генерацијата 2016 – 2020.**

На денот на доделувањето на дипломите на првенците им беа доделени пофалници и пригодни награди.

Училиштето континуирано зема учество во манифестацијата „Средба меѓу првиот и најдобрите“, која е во организација на Град Скопје. Целта на оваа манифестација е јавна

промоција и афирмација на врвните училишни постигнувања на учениците од средните училишта. Во јуни 2020 година првенецот на нашето училиште Давид Стојковски присуствуваше на свеченоста. На ученикот му беше доделено признание и парична награда од страна на Градоначалникот на Град Скопје Петре Шилегов.

### 3.4 Извештај за Државна и Училишна матура

Полагањето на државна матура за учениците кои завршиле претходните години, а се пријавиле учебната 2019/20 да полагаат се состоеше од екстерен дел пришто полагаа:

- Задолжителен предмет: македонски јазик и литература
- Прв изборен наставен предмет: математика или странски јазик
- Втор изборен наставен предмет: математика, странски јазик, хемија, физика, биологија, историја, социологија и филозофија.
- Во интерниот дел учениците имаа можност да бираат трет изборен предмет од листата на општообразовни предмети.

Екстерните испити се реализираа во текот на јунската и августовската испитна сесија според распоредот доделен од Државниот испитен центар. Предметот македонски јазик се полагаше на 30.06, математика се полагаше на 03.07, странски јазици се полагаа на 01.07 и предметите - филозофија, хемија, физика, биологија, историја, социологија се полагаа на 02.07. За полагањето на испитите од Државната матура се пријавиле 3 ученика за кои не беше укинато полагањето на државната матура.

Испитите се одвиваа во потполн ред, не беше пријавен ниту еден инцидент од тестаторите, а пак по завршувањето на испитот набљудувачите и тестаторите реферираа за потполно непречено одвивање на полагањето. Прелиминарните резултати од испитот се доставени од ДИЦ и објавени во училиштето на 14 јули 2020 година.

Во периодот од 14-16.07. година учениците не поднесоа приговори до ДИЦ.

Интерните испити во училиштето се полагаа на 13 јули. Имено, на ден 13.07.2020, ученичката Николија Арсовска го полагаше предметот - **социологија** и го положи со оцена 3.

Интерниот испит се одвиваше според закажано време на полагање во 10:00 часот.

**Државната матура –Екстерен дел:**

| Предмети | Ученици кои полагале | Ученици кои положиле | Среден успех 2019/2020 год | Среден успех 2018/2019 год | Среден успех 2017/2018г од |
|---|---|---|---|---|---|
| **Македонски јазик и Литература** | 2 | 2 | 3.00 | 3.35 | 3.71 |
| **Англиски јазик** | 3 | 2 | 2.5 | 3.20 | 3.58 |
| **Математика** | / | / | / | 2.64 | 3.36 |
| **Руски јазик** | / | / | / | / | / |
| **Германски јазик** | / | / | / | 5.00 | 3.75 |
| **Француски јазик** | / | / | / | / | 4.00 |
| **Филозофија** | 1 | 1 | 3.00 | 3.78 | 3.41 |
| **Хемија** | / | / | / | 3.80 | 5.00 |
| **Физика** | / | / | / | 3.70 | 4.66 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Историја** | 1 | 1 | 3.00 | 3.29 | 3.79 |
| **Биологија** | / | / | / | 2.94 | 3.63 |
| **Социологија** | / | / | / | 3.26 | / |
| **Среден успех** | | | **2.87** | **3.50** | **3.87** |

**Државната матура – интерен дел:**

| Предмети | Ученици кои полагале | Среден успех 2019/2020 год | Среден успех 2018/2019 год | Среден успех 2017/2018 год |
|---|---|---|---|---|
| **Хемија** | / | / | 4.71 | 4.78 |
| **Физика** | / | / | 4.73 | 4.82 |
| **Географија** | / | / | 4.80 | 5.00 |
| **Историја** | / | / | 4.60 | 4.46 |
| **Математика** | / | / | 5.00 | 5.00 |
| **Биологија** | / | / | 4.73 | 4.20 |
| **Информатика** | / | / | 5.00 | 5.00 |
| **Филозофија** | / | / | 4.49 | 5.00 |
| **Социологија** | 1 | 3.00 | 4.58 | 4.79 |
| **Англиски јазик** | / | / | / | / |
| **Латински јазик** | / | / | 5.00 | 4.00 |
| **Ликовна уметност** | / | / | 4.82 | 5.00 |
| **Музичка уметност** | / | / | 5.00 | 5.00 |
| **Среден успех** | **281** | **3.00** | **4.78** | **4.75** |

Периодот од 14 Март до 25 Април учениците имаа можност да ја одбранат својата матурска проектна задача.

За непречено одвивање на Државната матура за учебна 2019/2020 беше задолжена Училишната матурска комисија.

Учениците кои во јунскиот испитен рок не положија дел од испитите или сите испити или од оправдани причини не полагаа државна матура или дел од неа, имаа право да ги полагаат истите во август, во следниве термини: 11.08., 12.08., 13.08.,14.08.2020.

Како тестатори при реализацијата на државната матура во јунскиот испитен термин беа ангажирани 5 наставника од училиштето. Државниот испитен центар за сите тестатори организираше обука за тестатори за спроведување на државната матура.

Училишна матура не пријави ниту еден ученик.

Училишната матурска комисија за 2019/20 беше составена од:

1.Горица Илијоска- Претседател на УМК

2.Емилија Ристановска- Заменик претседател на УМК

3.Кристина Ковачевска- Секретар на УМК

4.Ана Кондовска Вишински- Член

5.Росица Костова/ Тони Николовски-Член

**Реализација на наставата**

Содржините и целите планирани со Годишната програма главно се реализирани, како во редовната настава, така и во воннаставните и проектните активности во училиштето. Оваа учебна година регуларна настава се реализираше до 11.3.2020, додека пак од 13.3.2020 по одлука на Влада на Република Северна Македонија поради вонредна состојба во државата со присуство на пандемијата од вурусот КОВИД 19 се реализираше далечинско учење со учениците. Училиштето го организираше процесот на учење и настава со доставен распоред за реализација на далечинско учење, употреба на апликации за далечинско учење - Google classroom, Cisco Webex, КАНООТ, EDMODDO, Zoom, користење на мејл и апликациите messenger, viber, Skype. Стручните активи доставуваа на месечно ниво извештаи за реализација на наставата во услови на далечинско учење.

**4.1 Редовната настава** по сите предмети е воглавно целосно реализирана, со извесни отстапувања направени според потребите на учениците. Во однос на примена на ИКТ во наставата во училиштето се вложуваат напори истата да се реализира во потребниот обем. Компјутерската опрема се користи сè почесто, но и покрај реалните проблеми на кои наидуваа со интернет конекцијата , наставниците вложуваа напори да ги користат компјутерите и секој наставник успеа да ја исполни квотата од над 30% застапеност на ИКТ во наставата. Активите се изјаснуваат во однос на реализацијата на наставата и врска со користењето на ИКТ во наставата:

**Македонски јазик.** Во текот на учебната година се реализираа воглавно сите наставни содржини предвидени според наставната програма по предметот македонски јазик. Реализирани се сите предвидени и планирани писмени работи, како и тестови и наставни листови. Сите професори реализираат наставни единици со употреба на ИКТ онаму каде техничките можности дозволуваат. Во оваа област употребата на ИКТ во настава е најефективна во однос на новите наставни единици, кога учениците се запознаваат со делото и со ликот на авторите, но и постоечките правци во развојот на литературата во светот и нашата земја, како и граматика, лексика и лексикографија. Сите наставници по овој предмет во своите програми имаат реализирано најмалку 30 % ИКТ во настава. Некои од најчесто користени веб страни и апликации- makedonskijazikiliteratura.blogspot.com, http://podgotovkazamatura.blogspot.com. Поради состојбата со коронавирусот од 11 март започна да се реализира он лајн настава.

**Математика.** Планираните наставни содржини по предметите математика и информатика се реализирани во потполност со извесни отстапувања во вид на мали задоцнувања поради државни празници и др. настани во државата. Реализирани се планираните писмени вежби и тестови. Во однос на реализација и примена на ИКТ во наставата применувани биле програмите - ГеоГебра – цртање на графици на експоненцијални и логаритамски и тригонометриски функции и запишување на нивните својства во трета година, скицирање на графици на функции со помош на елементарни функции, непрекинатост и асимптоти на график на функции во четврта година и видови на рамнински фигури, пресметување на својства на фигури, цртање на тела итн; примена на програмата Калкулатор - при работа со вектори, линеарни равенки; Matrix calculator во изборен предмет, изработка на PowerPoint презентации; Планираната редовна настава се реализираше според предвидениот план до 10.03.2020 година. Но заради светската пандемија на вирусот Ковид, дел од наставата (како и дополнителната настава) планирана за месец Март, Април, Мај и Јуни се одвиваше со примена на далечинско учење.

**Информатика.** Редовно се реализира со примена на ИКТ во наставата и работата на учениците, веб адреси и апликации користени во оваа учебна година - Поделба на современите компјутери. Од 11 март наставата се одвиваше online поради вонредната состојба со пандемијата.

- **Физика/Хемија/Биологија-** наставниците ги реализираат часовите со примена на следните апликации - симулации Phet – Подвижен човек, Движење во 2Д, Phet – Проектил, Phet – Ротација, Phet – Рампа, Phet – Сили 1Д, Phet – Енергетски скејт парк, Phet – Пружини и тежина, Phet – Fluid pressure and flow, Идеален гас, Phet - gas properties, Phet – Балони и Траволтажа, Phet – Електрично поле и Полнежи и полиња, Phet – Отпорност, Phet – Омов закон, Phet – Полуспроводници, Phet – Фарадеева електромагнетна лабораторија, Phet – pendulum, презентации, слики и прилози од интернет. Во второто полугодие поради пандемијата од корона вирусот се користеше ZOOM апликација за online часови и комуникација со учениците, google classroom каде беа сите ученици,тука прикачував материјали за учење ,работа,вежбање и задачите за домашна кои учениците ги завршуваа ги праќаа на google classroom.
- **Странски јазици и класични јазици-латински јазик.** Редовната настава по странски јазици во училиштето се реализираше соодветно на планираните наставни програми и подготовки на наставниците, со реализација на редовни, планирани писмени работи, дескриптивни есеи, 4 те задолжителни писмени работи и тестови по предметите. Беа реализирани и потребен број на дополнителни и додатни часови. Отстапките кои се направени биле во корист на потребите на учениците со цел постигнување на подобри резултати и соодветствување на реалните можности во училниците. Се реализираа и подготвителни часови за полагање на предметот англиски јазик со учениците од четвртта година. До 12.03.2020 од која дата започна реализацијата на далечинското учење поради вонредната состојба во услови на распространетоста на вирусот КОВИД 19, настават се реализираше според планираните планови и програми, додека пак во услови на вонредна состојба се реализираше според потребни прилагодувања. Наставниците по овие предмети покажаа подготвеност да реализираат часови со примена на ИКТ со подготовка на презентации за полесно совладување на одредени наставни содржини. При реализација на часови со примена на ИКТ во настава во основа се користеа со web портали кои овозможуваат интерактивен и индивидуализиран пристап кон разрешување на јазични и граматички проблеми при совладување на јазиците. Се користеа бројните корисни насоки за совладување на истите проблеми и интерактвни вежби за истата цел како и бројни анимации и организациони табели и модели за систематизирање на релевантните информации. Исто така можат да користат и бројни web сајтови со граматички вежби, игри, електронски речници и сл. алатки за изучување на англискиот јазик, но главно се соочија со проблем од технички карактер, односно нема компјутери во сите училници и не секаде истите се во функција. Во услови на далечинско учење наставниците користеа апликации - Google classroom, Cisco Webex, КАНООТ и Zoom, коритење на мејл и апликациите messenger, viber, Skype. Почесто користени веб адреси и апликации - https://www.ego4u.com/en/cram-up/grammar/passive/exercises?06<; https://www.youtube.com/watch?v6kAORjrE2ug; https://www.americanprogress.org/issues/education-k-12/news/2020/03/12/481662/k-12-schools-prepare-coronavirus/
- **Француски јазик.**Професорите употребувале ИКТ во наставата според предвидените тематски планирања. Во првото полугодие реализирани се сите предвидени ИКТ часови со вежби на сајтовите од” le point du fle“, francaisfacile.com, bonjourdefrance.com, https://www.didierlatitudes.com/exercices/latitudes2/unite-2-latitudes2/demander-et-donner-un-point-de-vue-2, https://www.youtube.com/watch?v=GfsrhmMdA5w
- **Германски јазик.** Реализацијата на наставата со помош на ИКТ имала своевидна динамика. Професорите користеле ИКТ во настава многупати бидејќи голем број од вежбите се работат on-line - сајтот iscollective.de
- **Латински јазик.**Застапена на часовите при реализација на граматички вежби, користејќи го *K latin* пакетот, речник при изработка на тестови и барање податоци за потребите на даден час;

- **Италијански јазик -** Наставникот и учениците комуницираа преку и – меил и месинџер и ги реализираа следниве содржини: За трета година: https://www.youtube.com/watch?v=FM9RNkGtccw&t=480s; За четврта година: https://www.youtube.com/watch?v=Eenuc034Vks

**Општествени науки.** Сите предметни наставници реализираат редовна настава според годишните и тематските планови по предметите што ги предаваат изготвени спорен наставниот план и програма препорачани од МОН. Наставните планови и содржини се реализирани според планираното, при што се реализирани и тестови по предметот филозофија. ИКТ-е користено во наставата по оние предмети во услови кога соодветсвува на потребите на наставните теми и содржини. Реализирани се истражувања на интернет како надополнување на информациите во учебниците, изработувани се PowerPoint презентации, гледани се филмови документарни или содржински соодветно на темата која е работена со учениците.

- Во контекст на *употребата на ИКТ во наставата* сите професори по предметот историја изведуваат одреден број на наставни часови на компјутери што е планирано во годишните глобални планови на професорите на почетокот на учебната година. Интернет базата се користеше максимално како извор за голем број информации од областа на историјата во светот и нашата земја, беа изработувани голем број PowerPoint презентации, презентирани документани содржини како помошна алатка при асимилирање на содржините**.** Во услови на далечинско учење наставниците користеа апликации - Google classroom, Cisco Webex, КАНООТ и Zoom, коритење на мејл и апликациите messenger, viber, Skype. Почесто користени веб адреси и апликации https://www.facebook.com/groups/207911180415552/, www.pravo.org.mk, www.slvesnik.mk., www.sobranie.mk, multi_permalinks, Google earth,You tube MicroDEM, https://youtu.be/I79TpDe3t2g, https://www.timeout.com/travel/virtual-museum-tours; *Географија Лилјана Војнеска-Петар Саздовски* **-** За часовите со примена на ИКТ се користат компјутерските училници. Користење на LCD, компјутери со кои се обработуваа дел од содржините како и презентации приготвени од страна на учениците**.** ИКТ се применувала во следните содржини: презентација Power Point, Google earth, You tube Micro DEM, Wikipedia.

- **Ликовна уметност.** Реализрани се предвидените наставни содржини и програми**. ИКТ** се применува редовно во сите 4 генерации кои учениците ја следат редовната настава. На сите часови се користи ИКТ преку power point презентации изработни наменски за наставната содржина, користење на информации, видео записи и репродукции од интернет. Со ИКТ се врши евиденција за оценување, а се користи и при изработка на дела (витраж, графика, цртеж);
- **Музичка уметност.** ИКТ има редовна примена преку слушање на музика, како и видеа од концерти и настапи. ИКТ во наставата се употребува по потреба од темите кои беа планирани.
- **Спорт.** ИКТ во настава по овој предмет беше вклучена само при подготовка на годишната програма, тематските и дневните подготовки.

**Дополнителната настава** се реализираше редовно во училиштето. Дополнителна настава се реализираше по предметите по кои имаше послаби резултати во совладувањето на наставните содржини, но и по предметите за кои учениците покажуваа интерес да ги подобрат своите знаења и оцени. При евиденцијата на реализираната дополнителна настава се има увид во темите и лекциите кои биле опфатени со истата. Според измените во Законот за средно образование, дополнителната настава се одвиваше според точно утврден распоред кој уште во месец септември беше истакнат на видно место во училиштето.

**Подготвителна настава за државна матура** се организираше и се реализирашепо предметите: македонски јазик и литература, информатика, физика, социологија и филозофија, по предметите математика и англиски јазик, како и по останатите предмети по кои имаше пријавено ученици, за сите заинтересирани ученици од IV година.

**Додатната и консултативната настава** се организираа во согласност со интересот на учениците. Во текот на годината се реализирани часови и од овој вид настава. Поголем дел од часовите беа реализирани во насока на подготовка на учениците за учество на натпревари. Додатната настава се одвиваше според прецизно утврден распоред, така што секој наставник имаше дадено термин во кој таа ќе се одвива. Притоа се водеше сметка за тоа термините да бидат усогласени, за да можат учениците да присуствуваат на сите часови на кои ќе одберат да следат додатна настава. Учениците кои покажуваат поголеми познавања на англискиот јазик беа вклучени со своите вонредни трудови во реалзираниот Ден на јазиците во училиштето во која активност беа вклучени голем број на ученици под менторство на сите наставници кои предаваат странски јазици во училиштето. Тројца ученици од трета година под менторство на наставник Маја Филиповска учетвуваа на Националниот и Меѓународен модел на европски парламент со работа на јавен говор, дебата и пишување резолуции

Во рамките на **Проектните активности во училиштето** се реализираше и проектна активност според интересот на учениците и програмите за работа кои се составен дел на училишниот курикулум. За реализација на **проектните активности,** во согласност со определбата на учениците, беа реализирани следните проектни активности:

1. Урбана култура
2. Култура на здраво живеење
3. Природни науки
   - Математика
   - Физика
   - Хемија
   - Биологија
   - Географија
   - Информатика
4. Граѓанска култура
5. Активности од областа на музиката
   - хор
   - училишни бендови
   - музичка критика
   - фолклорен клуб
6. Спортски денови
   - Велосипедизам
   - Планинарење
7. Литературни клубови и драмски секции
   - Дебатен клуб
   - Новинарска проектна активност
   - Драмска проектна активност
8. Ликовно-творечки активности
   - Цртање,
   - Сликарство,
   - Скулптура,
   - Фотографија.
   - Дизајн-моден, графички и индустриски,
   - Архитектура- ентериер и екстериер,
   - Фотографија.
9. Иновации и претприемништво
10. Странски јазици

**4.2. Натпревари на кои учествувале учениците во 2019/20 учебна година**

- **ГРАДСКИ НАТПРЕВАРИ –**

**Странски јазици –**

Пред.наставници Емилија Нацева и Бојана Крајновиќ-Петровска во рамките на предвидената програма на здружението на наставници по англиски јазик ЕЛТАМ за одржување натпревар во втора година гимназиско образование, како ментори, организирале и спровеле училишен натпревар каде се избрани тројца кандидати. За жал, понатамошните натпревари не се реализирани поради пандемијата. Пред.наставници по француски јазик менторираа ученици за

натпреварот по спелување (Concours régional et national en langue française orthographe/épellation 2019) со ученичките *Анастасија Димитриеска (2-3), Кристина Ѓорчевска (2-8) и Емма Јонес (2-6)* . Ученичката Анастасија Димитриеска (2-3) која зеде учество заедно со другите две ученички на регионалниот натпревар освои **1-во место** (16 ноември 2019 год.) и заедно со другите две ученички се пласираа за државниот натпревар.
Пред.наставник Наде Поп Гаврилова се вклучи при Меѓучилишен натпревар по Италијански јазик, со учество на ученичките Ирена Пирковска и Дончевска Ивана од IV -8.

**Математика/Информатика –**

**-**Пред. наставник Анкица Талеска -Одговорен професор во организација и спроведување на општинскиот натпревар по математика кој се одржа во нашето училиште, 25.01.2020 на кој, ученичката Ангела Зорчец се пласира на Државниот натпревар по математика во учебна 2019/20.

-Пред. наставник Билјана Спиридонова- Учество на Општински натпревар кој се одржа на ден 26.01.2020 во СУГС „Никола Карев„-Карпош со следните ученици:Филип Гаврилоски II-2, Ива Спасовска II-3, Радан Станковиќ II-3

**Физика/Хемија/Биологија/Географија –**

-Пред.наставник Анета Ј.Тодосовска- На ден 30.11.2019 год. учествуваше се одржа манифестацијата „ Ноември месец на наука“ на ПМФ. Учествуваше една ученичка од 1ва година Теа Андреа Тодоровска и се здоби со сертификат за учество .

На ден 22.02.2020 се одржа општинскиот натпревар по хемија во организација на Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија.Учествуваше ученичката Исидора Тримоска и се здоби со сертификат за учество.

-Пред.наставник Ела Билинска- учество со ученикот Кристијан Поповски од класот III-2 и освоено **II место на Сфера за природни науки** на кој земаа учество државните средни училишта, стручните училишта и гимназиите од градот Скопје .
Учество и **1-во место** на општински натпревар по хемија освои Анастасија Лазова од 4-2**. 3-то место** на општински натпревар по хемија Алекс Јачовски по хемија за четврта година**. 3-то место** освои Анастасија Лазова на месец на наука.

- Пред.наставник Билјана Љубенска- на 22 февруари – општински натпревар по хемија, учествуваа:Марија Ефтимова II-3, Сандра Тодорова II-3, Уна Букшиќ II-8, Јаков Садикарио I-2, Љубен Јанев I-1.

-пред.наставник Наташа Павловска
1. Освоено **3-то место** на општински нумерички натпревар со ученикот Филип Гавриловски од II2
2. Освоено **1-во место** на општински нумерички натпревар со ученикот Предраг Станковиќ од II2
3. Освоено **2-ро место** на општински нумерички натпревар со ученикот Кристијан Данов од II2
Натпреварот се одржа на 1.02.2020г.

-пред.наставник Гордана Арсова- **2-ро место** на општински натпревар по физика за IV година освои Давид Стојковски од IV-2 клас
**3-то место** на општински натпревар по физика за I година освои Андреј Петковски од I-3 клас

-пред.наставник Станка Миновска- учество на Општинскиот натпревар по Биологија кој се спроведе во месец Февруари и на истиот учествуваа учениците Дамјан Милосављевиќ(втора година)- и освои **3-то место**,Теодора Довлева и Марија Ангелковска(трета година )-добија пофалници.

-пред.наставник Даница Митреска- Освоено **2-ро место на Сфера за природни науки од областа – Ботанички знаења** на кој земаа учество државните средни училишта, стручните училишта и гимназиите од градот Скопје. Наградата ја освои ученичката Анастасија Лазова од 4/2 клас. На општинскиот натпревар по биологија одржан во месец февруари ученикот Андреј Петковски од 1/3 клас освои **3-та награда**, а учениците Јована Јосифовски од 1/1 клас, Исидора Тримоска, Ивона Николовска и Ивана Николовска од 1/4 клас освоија пофалници и учество во регионален натпревар.

**Ликовна уметност –**

- пред. наставник Ана Кондовска учествуваше **на „СФЕРА 2019“ - Средношколски игри** (Здружение на граѓани за подобрување на себеси и другите СФЕРА-Скопје) и ја менторираше ученичката Магдалена Несторовска – 2/8 цртеж со освоено **1 место** и ученикот Сидовски Александар- 3/4 - графити **со учество.**

-пред.наставник Александар Ордев – **со учество на „СФЕРА 2019 “ - Средношколски игри** (Здружение на граѓани за подобрување на себеси и другите СФЕРА-Скопје) **го менторираше** - Јован Петкоски 4/8 и освоено е **1 место за** фотографија.

**Спорт – /**

**Општествени науки-**

Пред.наставник Давидовски Александар со ученичките Теодора Саздовска и Марија Колева, во месец декември учествуваа на натпревар по Вовед во правото во средното училиште Шаип Јусуф, во организација на секторот за образование на Град Скопје.

- **РЕГИОНАЛНИ НАТПРЕВАРИ –**

**Странски јазици –**

Пред.наставници по француски јазик беа вклучени на натпреварот по слободен состав на тема « Dis-moi dix mots au fil de l’eau » на 22 февруари 2020 год. со учество на ученичката Ивона Михајловска (4-4).

**Математика/Информатика –**

Под менторство на пред. наставник Билјана Спиридонова,на **Регионален натпревар одржан на ден 16.02.2020 г** во Средното училиште „Михајло Пупин„- Скопје земаа учество следните ученици:Филип Гаврилоски II-2, Ива Спасовска II-3, Радан Станковиќ II-3.

Под менторство на пред. наставник Елеонора Симоска учество на учениците на Регионалниот натпревар по информатика, организиран од ЗИМ кој се одржа на 7.03.2020 година и на него учествуваа Давид Стојкоски IV-1, Михаил Ѓорѓиев IV-1 , Кристијан Данов II-2, и сите тројца освоија

**3-та награда**. Требаше да се натпреваруваат на Државен натпревар , кој беше закажан на 21.03. 2020 година, но поради пандемијата тој не се одржа.

**Физика/Хемија/Биологија/-/**

**Географија –**

- **Спорт - /**

- **Општествени науки -**

Пред.наставник Снежана Бошковска со учениците Сара Вукелиќ од 4-1 клас Давид Стојковски 4-1 клас Филип Петрушевски 4-1 клас Бојана Пачемска 4-8 учествуваа на натпреварот за гимназиите и средните училишта на територија на Град Скопје „Народот кој има ваква претприемачко младина, не треба да се плаши за својата иднина“ во организација на од Центарот за развој на нови бизниси при Машинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“. Тимот со тим со компанијата под име „Еколенд“ го освои **2 ро место**; На 26.11.2019 година во просториите на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје се одржа натпревар на средношколци по претприемачки вештини. Натпреварот го организираше Junior achivment Macedonija под покровителство на USAID и Министерството за образование. На овој настан учествуваа учениците Ангела Зорчец 4-2, Матеј Јуруков 4-8, Евгенија Пауновска 4-8, Никола Поповскаи 3-2, Алек Карануловски 3-8, Иван Лазаревски 3-8 и Матеј Трајковски 3-8.

- **ДРЖАВНИ НАТПРЕВАРИ –**

- **Македонски јазик и литература – /**

- **Странски јазици –**

Пред.наставници по француски јазик на државниот натпревар по спелување (Concours régional et national en langue française orthographe/épellation 2019) кој се одржа на 30 ноември 2019 год. Во натпревар со ученици и од билингвална настава од сите училишта од Републиката Анастасија ги менторираа ученичките Димитриеска (2-3) и Кристина Ѓорчевска (2-8) освоија 7 и 8 место.

- **Математика/Информатика –/**

- **Физика/Хемија/Биологија/Географија –**

**-Зоран Станковиќ-**На државниот натпревар одржан во рамките на 43 Школа на млади физичари, ноември месец учествуваа учениците Ангел Иванчов – I7 и Лука Туманов- I8. **Ученикот Ангел Иванчов освои 1 место за најдобар експеримент.**

- **Општествени науки –**

Пред.наставник Снежана Бошковска менторираше ученици во учество на Национален натпревар на Ученички компании во организавија na Junior achivment кој се одржа на 17.06.2020 г онлајн на ЗУМ .На натпреварот влегов во полуфиналето.

- **Спорт –/**

- **МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ –**

**Македонски јазик-**
Под менторство на професор Снежана Станкова учениците од проектната активност драма во октомври, 2019 година учествуваа на натпреварот за млади таленти во Романија. Фестивалот на меѓународно ниво беше одржан во градот Круж Напока, Романија во периодот од 16 до 20 октомври под името Youth stage festival. Учествуваа: Ева Стојчевска, Тодор Стојковски, Софија Неловска, Сашка Костовска, Светлана Ангеловска, Ведран Димовски, Матеј Јуруков. На овој фестивал добивме награда за најдобар перформанс.

**Спорт-/**

**Ликовна уметност –**

Пред.наставник Александар Ордев на **„**47-та интернационална детска изложба на ликовна уметност“-Лидице 2018(Република Чешка) **почесна диплома** –Александар Сидовски- 3/4 –цртеж. 13-та меѓународна изложба „Флора и фауна- извор на животот и убавината“ (Детски ликовен центар, Здружение на ликовни педагози, Мнистерство за животна средина и просторно планирање Р.М. **1 место** – Елена Најдовска 1/1 **;** 45-та меѓународна детска ликовна изложба „13 Ноември“ (Детски ликовен центар, Здружение на ликовни педагози, Град Скопје **1 место** – Елена Најдовска 1/1**;** „ 48-та интернационална детска изложба на ликовна уметност“-Лидице 2020 (Република Чешка); „29-та Чакавска Вечер**“-**Каштел Нови- Хрватска.

Пред.наставник Ана Кондовска Вишински вклучена со менторство на **„**47-та интернационална детска изложба на ликовна уметност“-Лидице 2019 (Република Чешка)со ученикот - Александар Сидовски- 3/4 – цртеж и добиена почесна диплома; 45-та меѓународна детска ликовна изложба „13 Ноември“ (Детски ликовен центар, Здружение на ликовни педагози, Град Скопје) со ученичката Магдалена Несторовска – 2/8 и освоено 1 место; 13-та меѓународна изложба „Флора и фауна- извор на животот и убавината“ (Детски ликовен центар, Здружение на ликовни педагози, Мнистерство за животна средина и просторно планирање Р.М.) со ученичката Мартина Трајчевска 2/4 и освоено 1 место; „48-та интернационална детска изложба на ликовна уметност“-Лидице 2020 (Република Чешка);„29-та Чакавска Вечер“-Каштел Нови- Хрватска.

Пред.наставник Емилија Ристановска вклучена со ученици од училиштето на театарски фистивал при што е добиена **Специјална награда** од жири на интернационалниот аматерски театарски фестивал во Клуж Напока, Романија –STAGE**.**

### 4.3. Обуки и семинари на кои учествувале наставниците-

**Македонски јазик - /**

**Математика –**
**Анкица Талеска и Елеонора Симоска** на 30,31 март 2020 од 8 до 10 часот и на 01април 2020 од од 8 до 9 часот, проследија тродневна online обука за користење на националната платформа Microsoft Teams која ја држеа обучувачи од СЕМОС Едукација. Платформата е наменета за online настава и соработка со учениците и наставниците. Потоа беше испратен линк од снимената обука за да ја проследат сите професори од училиштето.

**Физика/Хемија/Географија/Биологија.-**

**Анета Јовановска Тодосовска**

1.Обука за нови модулатни програми на ден 26.08.2019 година Скопје ,од страна на Министерството за образование и наука на РСМ се оддржа 8 часовна обука за реализација на

нови модуларно дизајнирани наставни програми базирани на компетенции,развој и примена.Со цел усовршување на новите наставни модуларни програми.

2.Обука за ,,Нови наставни планови и програми во средно стручно образование,педагошка евиденција и изработка на план за личен развој и развој на училиштето”на 29-30.08.2019 година одржан од страна на Бизнис и консалтинг интернационал во хотел Изгрев -Струга.Со цел усовршување на новите наставни модуларни програми.

**Ликовна/музичка уметност.**

Пред.наставници од Активот уметности проследија обуки за „Уредно водење на педагошка евиденција и документација“ и „Осврт на работните должности на наставниците и стручните соработници во средните училишта“(Бизнис и консалтинг интернешнал)

-„Реализација на наставата преку современи стратегии, методски пристапи и дигитални образовни технологии со секојдневно користење на е-содржини“(Бизнис и консалтинг интернешнал)

Пред.наставник Емилија Ристановска во организација на УНИЦЕФ –Партиципативна обука за покренување на акција за подобрување на положбата на наставниците во општеството-јануари 2020.
Пред.наставник Јасмина Беличанска **-** ,,Обука за нова наставна програма ,, (Здружение на музички просветни работници ),,-Охрид 2019 септември.

**Општествени науки**

Пред.наставник Лилјана Војнеска проследи онлајн обука за Инклузивно образование од Биро за развој на образование, реализирана на 25 октомври 2019; Семинар на Македонската географска мисла по повод 70 години Македонско географско друштво од д-р Благоја Марковски на 26 декември 2019 г во Скопје; Обука за ДИСЛЕКСИЈА и ДИСГРАФИЈА на 29.08.2019 г. во просториите на училиштето СУГС„Георги Димитров“; Обука за - Поим, карактеристики и препораки “ на 20 јануари 2020 во просториите на училиштето СУГС „Георги Димитров“.

Пред.наставник Снежана Бошковска - 14-15.08.2019 г во Берово проследи на семинар за тимско постапување за превенција и рана интервенција при употреба на психоактивни супстансии за наставниците и стручните служби од средните училишта на град Скопје. Настанот беше во организација на град Скопје и невладината организација на ХЕРА. Предавач на семинарот др. Лилјана Игњатова; На 26 11.2019 присуство на сесијата „Интегрирани дигитални маркетинг стратегии “; Дополнителна обука за спроведување на програмата “Ученичка компанија“; Од 12-19 .02.2020 год се одржа обука во Прва Сушачка гимназија во Ријека во рамките на проектот – STRET - на тема „Ученици денес одговорни претприемачи утре“ .

Пред.наставник Валентина Панџарова - обука за антикорупција во средните училишта под покровителство на МОН, Антикорупциска комисија ,БРО и НВО од 16-18 декември.

**Спорт - /**

**Стручна служба**

Психолог **Гордана Б. Спиридонова** ги проследила следните:

- Конференција - ,,Прва мировна средба“ во организација на Првата детска амбасада Меѓаши, одржана во х. Аурора, Берово на 1-20.11.`19
- Учесник на Јавен дијалог: ,,Емоциналната компетентност како образовна цел“ на 05.11.2019.

Педагог **Кристина Ковачевска**

- присуство на обука/тренинг во периодот од 08-10.11.2019 кој се одржа во Струга, организиран од страна на Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ каде беше презентирана програмата за Мировно образование. На тренингот присуствуваа директори, заменици директори и други одговорни лица во училиштата, како и претставници од МОН, одговорни лица од секторот за средно образование како и претставници на Државен просветен инспекторат.

**Обуки кои беа организирани од/во училиштето**

Во училиштето беа организирани и одржани неколку обуки во организација на самото. На истите присуствуваа поголемиот дел од наставниците. Станува збор за следните обуки:

- ,, Тимско работење “ – која се одржа во периодот од 08.11 -11.11.2019 во х.Сириус, Струмица.

**Училишна библиотека**

Училишната библиотеката има важна улога во воспитниот процес, упатувајќи ги учениците дека книгите се вистинското место каде што ќе ги најдат потребните одговори на прашањата што ги интересираат или им задаваат тешкотии. Со тоа се исполнува едно мошне важно задолжение на училиштето како воспитно-образовна институција, затоа што учениците се оспособуваат за самостојна работа и за самообразование. Интересот на учениците за членство во училишната библиотека расте кога се имаат предвид нивните задолженија во однос на државната матура, завршниот испит и проектните задачи. Оваа година библиотечниот фонд се збогати со 140 нови наслови од кои и дел од стручната литература.

Книжниот фонд во училишната библиотека ја опфаќа најпотребната литература за секојдневна употреба на наставниците и на учениците, дополнителна и помошна литература (од аспект на наставниот материјал) или дополнителна и помошна литература (од аспект на наставниот материјал), како и литература за читање по слободен избор. Библиотеката располага со 12 040 примероци со 4 850 наслови и има 800 членови.

## 5. Воннаставни активности

### 5.1. Реализација на воннаставните активности по месеци

Воннаставните активности се реализирани според програмите што ги предложија стручните активи во училиштето, а кои се составен дел на Годишната програма. Вредно е да се споменат некои од нив:

| Месец | Активност |
|---|---|
| **Септември 2019** | • Пред.наставник **Маја Филиповска** за остварување на активности на училиштето за анти-булинг програмата беше дел од две активности –беше дел од обуките на учениците дел од проектот за врсничка медијација кои се спроведуваа во текот на 2019 и 2020. Втората активност се реализираше во соработка со Прва детска амбасада во светот и преку проект одобрен од град Скопје кој го спроведува невладината организација ЕКВИЛИБРИУМ 2014 насловен „Уметност против врсничко насилство“ преку кои се реализираа обуки за подготовка на форум театарски претстави против врсничко насилство заедно со ученици и професори од средните училишта „Шаип Јусуф“ и гимназија „Кочо Рацин“ од Велес и претстави пред ученици, професори од овие училишта и претставници од сите институции кои работат на проблемот на врсничко насиство. Овие активности се реализираа во текот на 2019 и 2020 година. Во двете активности од СУГС гим. „Никола Карев“ учествуваа голем број ученици од прва до четврта година.<br>• Пред.наставник **Валентина Панџарова** - Во тек на месец септемви е изготвен заеднички преокт со СУГС ,,Шаип Јусуф на тема интеркултурна соработка. Во проектот се опфатени повеке заеднички активности на двете училишта, а проектот е проследен до ОБСЕ кој е основен финансиер на ваков тип на проекти.<br>• пред.наставник Лилјана Војнеска – активност -истражување и орентација на карта и орентација во простор - Како се спремаат планинарите за искачување на највисоките врвови? Вклучен ученик во реализација Петар Христовски<br>• Предметниот професор Снежана Станкова подготвуваше театарска претстава, подготовка за Стејџ-Романија<br>• **Станка Миновска** - Дефиле со учениците од ПМБ подрачје во организација на Црвен крст на Град Скопје<br>• Елеонора Симоска и Наташа Стојчевска- 19 .09.2019-Посета на изложба на електрични автомобили со 70 ученици од СУГС гимназија Никола Карев, на ФЕИТ по повод Европската недела на мобилност 2019-ПЕШАЧИ СО НАС. Тоа беше настан организиран од Град Скопје за заштита на животната средина. |

| | |
|---|---|
| **Октом ври 2019** | • Одбележување на недела на италијанскиот филм ,, Донирај со срце и љубов ,,Halloween – обичаи низ светот. Пишување на поговорки и презентација<br>Музичка ревија на италијански песни во изведба на ученици од Филолошки факултет.<br>• пред.наставник - Лилјана Војнеска - изработка на проекти со теми од Астрономија, Сончев систем и планетите во него-со учениците Бојан Николовски, Даниел Илиевски, Андреј Стојановски, Мартин Ѓоргиоски и Стефан Кнежевиќ; Географска разместеност на планетоиди со учениците Наталија Михајловска, Искра Николоска, Мартина Јаневска, Јана Ангеловска, Животниот циклус на една ѕвезда со учениците Марија Бошкоска, Кристијан Данов, Антонио Николовски, Борјан Циклевски.<br>• Предм. наставник Анкица Талеска- Постер сесии на СКЕЕОР. Овој настан е организиран во партнерство и под покровителство на Град Скопјеи студентско здружение : Студентска Конференција за Енергетска Ефикасност и Одржлив Развој, кое од годинава во своите активности сака да ги вклучи и идните колеги- средношколците.Учество на настанот со учениците Сара Вукелиќ и Филип Петрушевски од IV-1. Електронско пријавување преку Web страната до 15.10.2019.<br>• Пред.наставник **Ела Билинска** Изведување на експерименти со ученици од хемиска секција<br>• Пред. наставник**Станка Миновска** -ПХВ предавање со ученици од прва и втора година<br>• Предметниот наставник Снежана Станкова- Од образование до образование-ФДУ, реализација на Стејџ-Романија, учество во подготовка на патронат. Посета на Скупи-изработка на краток документарен филм. Медиумски ден- медиумска писменост-интервју со Претседателот на државата. Учество на Сфера со драмски текст„Диво месо“.<br>• Предм. наставник Билјана Костова и Мила Михајловиќ- Подготовка на учениците и учество во училишниот патронат со рецитаторската точка насловена „Јас сум Карев“. |

| | |
|---|---|
| **Ноември 2019** | • одбележување на ,,Денот на благодарноста ,, во училиштето со настанот Thanksgiving 28.11.2019schreiben ,,Die Welt mit farben heilen,, schreiben und malen во просториите на гимназијата Јахија Кемал) – schreiben und malen –zusammenarbeit.. Учениците со помош на дополнителната настава по германски успее да изработат и текст како и кратко видео на тема ,,Die Welt mit farben heilen,,Во активноста вклучени наставниците од Актив уметности во уредување и разубавување на просторот и музичка поддршка со учениците од проектни активности по уметност;<br>• Си била една шума ,, - проекција на филм по повод потпишување на Елисејскиот договор; Проекција на француски филм – La familie Beliers<br>• **Снежана Бошковска** – 22 ноември посета на КПД Идризово<br>• **Валентина Панџарова**-посета на домот за стари лица Мајка Тереза и пригодни активности. Посета на КПД-Идризово, соработка со Лајонси и реализација на две активности –хуманитарна и предновогодишна во соработка со маркет Веро-купи производ плус. Во соработка со долгогодишниот партнер од Р.Србија-Вршац изготвен е преокт насловен како Ready, Steady-Play, а апликацијата едоставена до интернационалниот конкурс за проекти RYCO. Според нашата замисла во преокт се вклуч и средно училиште од Брчко-Босна и Херцеговина.<br>• **Александар Давидовски** - во посета на часовите во 3-3, 3-4, 3-5 и 3-6 паралелка, беше адвокатот Калин Митрески со кој е одржан интерактивен час на тема – Корпоративно право, трговски субјекти, странски инвестиции од аспект на правото, кривично-правни импликации во контекст на малолетништвото, оснопвните човекови слободи и права итн.<br>• **Николина Иванова-** 01.11.2019 со почеток во 12 часот, се одржа психолошка работилница во вежби за самоспознание во домен на АРТ-ТЕРАПИЈАТА со наслов ,,Минато, сегашност и иднина”; Работилница Маховер техника со цртеж на човечка фигура; На 19 11.2019 во соработка со Комората на психолози се одржа работилница на тема ,,(Не) Намерно однесување води до повредување“<br>• **Анета Јовановска Тодосовска -** 30.11.2019 год. на ПМФ се одржа манифестацијата „ Ноември месец на наука,учествуваше Теа Андреа Тодоровска<br>• **Ела Билинска** Изведување на експерименти со ученици од хемиска секција, месец на наука (освоено трето место -Анастасија Лазова),Сфера-освоено второ место-Кристијан Поповски<br>• **Станка Миновска** - ПХВ предавање со ученици од прва и втора година -Крводарителна акција со ученици од четврта година<br>• **Зоран Станковиќ-**На државниот натпревар одржан во рамките на 43 Школа на млади физичари, ноември месец учествуваа учениците Ангел Иванчов – I7 и Лука Туманов- I8. **Ученикот Ангел Иванчов освои прво место за најдобар експеримент.**<br>• **Гордана Арсова-** Изведување на експерименти од ученици<br>• **Лилјана Војнеска -** Во соработка со Македонското географско друштво учество на манифестацијата „Ноември-Месец на науката 2019**.** Соработка со ЗИРМ и ИНИ, Изложба во Гимназијата Никола Карев – Старо Скопје – реон на Скопска Црна Гора<br>• Одбележување на Денот на училиштето - декор на сцена со пред.наставници Александар Ордев и Ана Кондовска и ученици од 1 година<br>• Предм. наставник Снежана Станкова-Посета на театарска претстава, Соработка со Дом за стари лица„Мајка Тереза“(„Старецот и морето“). Соработка со Висока школа за новинарство-средношколски весник „Медиум“.<br>• Предм. наставник Мила Михајловиќ- Изработка на честитки со убави мисли и посвети наменети за посетата на Домот за стари лица „Мајка Тереза“ каде учениците предводени од проф. Снежана Станкова ја изведоа претставата „Старецот и морето“. Соработка со Висока школа за новинарство-средношколски весник „Медиум“. |

| | |
|---|---|
| **Декем ври 2019** | • Проекција на германски филм – Feniks. Ден на јазиците и Божикна трпеза 27.12.2019 - манифестација за одбележување на јазиците кои се изучуваат<br>• **Александар Давидовски** -посета на Правниот факултет- ,, Јустинијан први,,- Скопје, по повод Мегународниот ден на човековите права и присуствувавме со десетина ученици на Ораторската вечер ,, Иво Пухан ,, . Учениците по овој настан изработија свои говори на слободна тема и ги презентираа како во класичната , така и преку он-лајн наставата; Парламентарниот институт на Собранието на Република Северна Македонија, овозможи две активности за периодот на онлајн наставата, а тоа е виртуелната посета на Собранието до водич кој го елаборираше пред се историскиот и правниот аспект на законодавниот дом и квиз за познавање на надлежностите, функциите и организацијата на Собранието.<br>• пред.наставник **Емилија Трајковска** присуствуво со ученици на настан организиран од ,,Ино Теч“ за научни, технолошки, технички, иновативни проекти на компании и поединци во просториите на Јавна Соба.<br>• Декорирање на училишниот хол хол со новогодишни цртежи и пакетчиња од картон и хартја со пред.наставници **Александар Ордев и Ана Кондовска** и ученици<br>• пред.наставник **Емилија Ристановска** со учениците од музичкиот бенд Новогодишна свирка во Карев-во организација на училишна заедница, Агенција за млади и спорт,клубот Биди зелен и Арт Хаус Карев; -<br>• Предм. наставник Снежана Станкова- Посета на театарска претстава, изведба на новогодишна претстава„ Дедо Мраз и лошата самовила“<br>• Предм. наставник Мила Михајловиќ- Изработка на честитки и други активности околу училишната „Давална“.Посета на театарска претстава.<br>• Предм. наставник Елеонора Симоска- На 13.12.2019 год. се одржа настан „Hour of code“ на ФЕИТ за основи на програмирање каде заедно со учениците проследивме предавање за кодирање. Учесници на настанот беа следните ученици: Сара Вукелиќ IV-1, Михаил Ѓорѓиев IV-1, Димитар Павловски IV-1, Анастасија Аврамовска IV-1, Ивана Поповска IV-2 и Кристијан Поповски III-1.<br>• **Анета Јовановска Тодосовска**<br>23.12.2019 год Хемиски Спектакл на Институтот по хемија<br>• **Ела Билинска** Изведување на експерименти со ученици од хемиска секција, 23.12.2019 год Хемиски Спектакл на Институтот по хемија<br>• **Станка Миновска** - предавање на тема Твоето незнаење чини живот-во организација на Црвениот крст на општина Карпош<br>• |
| **Јануар и 2020** | • **Бошковска Снежана-**Учество на проектот Еразмус +„KeepCalm And Bi Green“ во Финска.<br>• Соработка со Природно-математички факултет- Институтот по географија<br>• Пред.наставник **Емилија Ристановска -** УНИЦЕФ –Партиципативна обука за покренување на акција за подобрување на положбата на наставниците во општеството-јануари 2020<br>• **Станка Миновска** - ПХВ предавање со ученици од прва и втора година<br>• Предм. наставник Елеонора Симоска- На 24.01.2020 присуствуваше на Настан во Фондот за иновации и технолошки развој со сите ученици од IV-1 и тројца ученици од IV-2. Настанот се викаше „Предизвик на млади истражувачи“. Учениците проследија презентации на три проекти изработени од млади иноватори. |

| | |
|---|---|
| **Февру а ри 2020** | • Одбележување на Ден а вљубените 14.02.2020 со украсување на училиштето и доставување на пораки меѓу учениците<br>• **Николина Иванова** -Работилница со ученици ,,Под маската'' 12.02.2020<br>• Учество на професорите **Игор Јанев и Борче Милошески** на меѓународната конференција 70 години од Грчката Граѓанска војна во Институтот за Македонски јазик со реферат поврзҷан со методиката на наставата по историја - ,,Граѓанската војна во Грција во современата настава по историја”.<br>• Реализација на форум театар – претсава на тема Врсничко насилство во соработка со три училишта која се одржа во кинотеката на бибилотеката ,,Другарче “;<br>• Пред.наставник **Јасмина Беличанска** -посета на ,,НОБ,, на операта ,,Севилскиот бербер ,, од Џоакино Росини во месец февруар со група ученици од II и IV година;<br>• Пред.наставник **Емилија Ристановска -**Посета и едукативна работилница во МНТ после претставата Животот на Молиер и посета на филмскиот-музички фестивал во Кинотека со учениците од музичка критика<br>• Предм. наставник Снежана Станкова- Посета на театарска претстава. Поготовки за „Гимназијада“. |
| **Март 2020** | • Пред.наставник Ана Кондовска со ученици -декорација за ден на пролетта дрво со мартинки во училишен хол<br>• “3 Дена Култура во Карев“ – во организација вклучени пред.наставник Емилија Ристановска и училишна заедница со претседателот на УЗ Васил Ханџински.<br>• пред.наставник **Јасмина Беличанска -**снимање на едукативно видео ,,Шунд,кич и турбо фолк “ ученици од 2-3 и 2-5 реализација од ноември до март.<br>• Пред. наставник Билјана Костова- Средба со градоначалникот на Општина Карпош и претставници од други институции по повод ресетирање на Младинскиот совет во општина Карпош (4.3.2020 г.), со учениците Кристијан Поповски и Васил Ханџиски како претставници на Училишна заедница<br>• **Ела Билинска** Изведување на експерименти со ученици од хемиска секција |
| **Април 2020** | • **Николина Иванова -** АРТ-Работилница на тема ,, Како се чувствувам за време на Ковид-пандемијата'' Времетраење на работилницата: 6 часа (алатка - zoom)<br>Дата: 08.04.2020 ; Креирање на фб-страна за поддршка на менталното здравје на средношколците за време на пандемија.<br>• Предм.наставник Билјана Костова- Онлајн дискусија со Амбасадорот на ЕУ во Скопје, Самоел Жбогар (23.4.2020 г.) |
| **Мај 2020** | • пред.наставник **Јасмина Беличанска** -едукативна работилница со проф.Сашо Поповски проф.на Универзитет ,,Гоце Делчев “-Штип одржана онлајн заради пандемијата Ковид-19 со ученици ос 2-3 и 2-<br>Предм.наставник Елеонора Симоска- учество од 15-17 мај 2020 год. во организација од Europe House-Скопје се одржа online Хакатон “Трансфомирај го начинот на работа за новата ера!”. Учесници во проектот Кристијан Поповски и Евгенија Добреска од III-2. |
| **Јуни 2020** | • Предм. наставник Билјана Костова- Онлајн дебата со ЕУ центарот Peer to Peer Erasmus + (10.6.2020 г.) |

## 5.2 Учество во проекти

### 5.2.1. Проект - ,, Безбедност во училиштата“

Проектот се реализираше во соработка со Првата детска амбасада Меѓаши и со поддршка на Министерството за образование на наука. Се реализираше во периодот од ноември 2018 до мај 2020 година. Во релизација на проектот беа вклучени психолог Гордана Б. Спиридонова и проф. Маја Филиповска. Проектот се реализираше во потполност низ вклученост на ученици од прва, втора, трета и четврта година. Со учениците заеднички беше изработен програма и план на акција за реализација на активностите. Во програмата и планот за работа беа вклучени активности - работилници за совладување на вештини за врсничка медијација, работилници за превенција од врсничко насилство на учениците од прва година, работилници за електонски насилство, промоција на безбедно и ненасилно однесување кај младите на социјалните мрежи, реализација на форум театар на тема надминување на форми наврсничко насилство низ соработка со три други училишта. Подетален опис на активностите:

Одржани се повеќе работилници во рамки на подготовка и обука на ученици членови на клуб на медијација. Работилниците се дел од училишна активност на основање на клуб на врсничка медијација во рамки на актовности како дел од анти-булинг програмата низ планирана серија работилници. Активностите ги реализираа Маја Филиповска и Гордана Б. Спиридонова.

Во текот на септември 2019 до мај 2020 беа финализирани работилниците за врсничка медијација со учениците. Учениците ја презентираа програмата и обуката на клубот за медијација пред наставничкиот совет на училиштето и ги запознаа наставниците со своите задачи и можности кои може да ги реализираат по поминатите обуки - пред се врсничка поддршка на учениците во помош кога таа е потребна и поддршка при конфликти или насилство.

Во текот на учебната 2019-2020 година во гимназијата се спроведоа две долгорочни активности во рамките на Програмата за анти-булинг. Првата се реализира во соработка со „Меџаши“ првата детска амбасада во светот, како дел од нивниот проект за Мировно образование и втората во соработка со невладината организација „Еквилибриум2014“ во рамките на нивниот проект одобрен и финансиран од Град Скопје наречен „Уметност против врсничко насилство“.

Двете активности се реализираа преку една од најприменуваните форми користена за справување со врсничко насилство особено во средните училишта т.н. форумтеатарски претстави. Негова основа се кратки сцени – етиди, кои прикажуваат реални проблеми во заедницата, за кои не се понудени решенија. За разлика од обичниот театар, каде публиката има улога на пасивен набљудувач, во Форум театарот публиката активно учествува низ дискусија и заменувајќи некоја од улогите на протагонистите. При тоа, публиката прикажува поинаков, различен пристап во ситуацијата која што се одигрува на сцената, а со самото тоа нуди и поинакво решение на проблемот и промена на однесувањето на антагонистот (ликот кој го создава проблемот и го одржува активн во приказната).

Во реализацијата на активностите учествуваа и соработуваа професори и ученици од повеќе средни училишта и тоа: СУГС гим„Никола Карев“ , СУГС гим. „Кочо Рацин“ од Велес, СУГС „Шаиб Јусуф“, СУГС гим. Орце Николов“, СУГС гим. „Георги Димитров“, СУГС „Здравко Цветковски“, и СУГС „Лазар Танев“.

Активностите започнаа со обуки на вкупно 48 ученика. Целите на содржините од обуките беа:

- Јакнење на групната кохезија и доверба меѓу учениците

- Да се зајакне разбирањето за меѓусебната зависност на учесниците во форум татарската претстава
- Да се зголеми нивото на толеранција и флексибилност меѓу членовите на тимот
- Да  се стекне увид во сопствените вештини за учество во форум театар
- Да се утврдат основите на концептот на форум театарските претстави
- Да се препознааат  формите на врсничко насилство помеѓу средношколците
- Да се подготват етиди за форум театрска претстава

По овие обуки следеа форумтеатарските претстави, кои се реализираа пред учениците, професорите, менаџерските тимови и директорите на училиштата како и пред претставници на институциите кои се засегнати и работат на справување со врсничкото насилство, советници од Локална самоуправа за образование, Центри за социјална работа, МВР – одделение за превенција и за детска правда, МОН и БРО.во средните училишта СУГС гим„Никола Карев“ , СУГС гим. „Кочо Рацин“ од Велес,  СУГС „Шаиб Јусуф“. Во следниот период следат уште 11 форумтеатарски претстави во средните училишта СУГС гим„Никола Карев“,СУГС гим. Орце Николов“, СУГС гим. „Георги Димитров“, СУГС „Здравко Цветковски“, „Лазар Танев“.

Се очекува со овие активности во кои посредно и непосредно учествуваа и ќе учествуваат 1350 ученици и наставници од училиштата, вклучени во Форумтеатарската претстава, како публика и активни учесници да овозможат креирање на можности за нови искуства, а околу новите искуства се организираат нови сознанија што дејствуваат стимулирачки врз развојот на личноста.

Обуките и форумтеатарските претстави поттикнаа заедничко споделување на случки од секојдневието на средношколците поврзани со темата врсничко насилство, кои подоцна тематски систематизирани според видот на насилството, прераснаа во различни сценарија за форум театарски етиди. Средношколците самостојно се определија според личниот афинитет за темата и ги одбраа улогите Овие улоги се најсложени во Форум Театарот, а во нив се вклучени сите учесници од групата, споделувајќи примери на однесување на соученици кои вршат насилство и одбегнуваат одговорност. Исто така, за време на овие активности, учесниците се насочуваа кон изнаоѓање решенија на зададените проблем-ситуации, кои би ги користеле во случај на пасивност на публиката за време на претставата. Освен театарскиот дел од активностите, со учесниците се развиваа дискусии за нивната перцепција за врсничкото насилство, нивните реакции до сега, како и за поттикнување индивидуална одговорност и проактивен пристап во слични ситуации. Се разгледуваа причините за присуството на оваа појава, кој се е одговорен и кој има обврска да се справува со врсничкото насилство.

Во име на соработка со надворешни институции се реализираше средба на која присуствуваше директорот на училиштето Тодор Пачаџиев, психолог Гордана Б. Спиридонова, пом.директор Емилија Ристановска, проф. Маја Филиповска, учениците Кристијан Поповски, Ева Стојчевска, Васил Ханџински, Теона Ангеловска, Мила Јовановиќ, како и претставник од Советот на родители и претставници од Одделението за малолетничка деликвенција при МВР. На состанокот беа утврдени многу нови облици на соработка меѓу училиштето и Одделението за превенција и планирани идни активности на училиштето и учениците.

### 5.3 Еко во настава

Согласно насоките од МОН за интегрирање на еко содржини во наставата во предметите кои се изучуваат во училиштето, во учебната 2018 – 2019 година се реализираа следните теми :

- При изучување на ***македонскиот јазик и литература*** – се интегрираа во согласност со годишната програма.
- При изучување на ***математика и информатика*** – се интегрираа во согласност со годишната програма.

**Билјана Спиридонова**- За потребите на ЕКО – ПРОЕКТ , активот по математика, во рамките на наставните содржини во редовната настава и во проектните активности ,ќе вметне содржини, пред се, од областа на Статистика, за развивање на свеста на учениците за зачувување на здрава и чиста околина.

**Наташа Стојчевска**-Ноември –ЕКО активност, час посветен на Штедење електрична енергија, 05.11.2019 год. Во декември, час посветен на Хигиената околу нас, прв услов за здрава нација. 17.12.2019 год.

**Жаклина Стојановска- Еко час 1** План за намалена потрошувачка на изворите за греење (дрво, нафта и слично) - рационално користење и планирање на изворите за греење. Пресметување на потрошувачка со употреба множества 23.09.2019 и **Еко час 2** Истакнување на упатства за рационално користење на водата – значење на водата за живиот свет. Изработка на график за користење на вода од одредена популација 19.11.2019.

**Сузана Арсова-**Вода I –год- Статистика

Штедење на хартија (дискусија) , хигиена во училницата.

Еко содржини на пример од темата Експеримент. Настан. Случаен настан. Видови настани.

**Лена Миловановиќ-**Ноември –ЕКО активност, час посветен на Штедење електрична енергија, 05.11.2020. Декември, час посветен на Хигиената околу нас, прв услов за здрава нација, 17.12.2020. На 21.03.2020 Ден на екологија беше ненаставен но работен ден со активности од областа на екологијата. Ученици од втора година беа ангажирани во чистење и уредување на училишниот двор .

**Елеонора Симоска -** 31.10- 5.11.2019 , час 17 -Работа со стилови.
Еко тема I: „Вода”. Еко содржина: „Рационално користење на водата”.-Изработка на упатство за рационално користење на водата.

Еко тема V: „Отпад”. Еко содржина: „Реупотреба”.Изработка на документ со слики за начините за реупотреба на електронскиот отпад.

Еко тема II: Енергија. (продолжување на проектот).Еко содржина: „Изработка на анкета за рационално користење на електричната енергија”.

ЕКО тема VIII: Здравје. Содржина:Влијанието на храната врз здравјето. „Изработка на табела со прехранбени продукти и подредување според калорична вредност”.

**Катица Ристаќовска-Стојановска-** 11- 15 март (час 51) Работа со стилови.
Еко тема I: „Вода”. Еко содржина: „Рационално користење на водата”.

Еко тема V: „Отпад”. Еко содржина: „Реупотреба” Еко тема II: Енергија. Еко содржина: „Изработка на анкета за рационално користење на електричната енергија”.

Еко тема II: Енергија. (продолжување на проектот).Еко содржина: „Изработка на анкета за рационално користење на електричната енергија”.

- Во рамки на изучување на ***странските и класични јазици*** интегрирани се темите – **Емилија Нацева -** Еко теми беа реализирани во рамките на редовните часови, во втора година во рамките на тема 7 учениците истражуваа за најзагадени локации на земјата , а четврта во рамките на тема 4 истражуваа и дискутираа за еко пријателски домви.

  **Билјана Муфишовска** – интегрираше еколошки содржини во редовна настава. Со **прва година**, 9 часа на тема *Wonders of nature* и се работеше на глобални еколошки проблеми, како што се загадувањена воздухот, глобално затоплување, климатски промени, ефект на стаклена градина а учениците се запознаа и со 10-те најеколошки градови во светот како пример за одговорно однесување на градските власти и граѓаните.

Со **трета година**, на тема *Hard Times* имплицитно се опфатија еколошките проблеми како што се загадувањето, природните непогоди со зголемен интензитет најчесто како резултат на глобалнот затоплување и климатските промени, неодговорно однесување со отпадот кое причинува бројни проблеми во поглед на здравјето на луѓето и сето тоа во контекст на наведување на работи кои го прават животот на луѓето навистина тежок.

**Бојана Крајновиќ-Петровска** - во рамките на тематската единица Making a Difference учениците од втора година изработиле постери со еко решенија за одржлив развој.

**Маја Филиповска** - Еко теми со учениците од прва и трета година беа реализирани во рамките на редовните часови преку обработка на анимираниот филм Wall-e и видео клипот Sorry next generations на тема иднината на земјата и загадувањето.

**Катерина Содиќ** Во рамките на часовите со примена на еколошки содржини ги обработувала со учениците предвидени според програмата и темите кои ги нуди учебникот.

*ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК*

**Проф. Ана Пота и проф. Томо Пангоски** рамките на часовите со примена на еколошки содржини ги обработувала со учениците предвидени според програмата и темите кои ги нуди учебникот.

*ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК*

**Димовска Сава** - Презентација на вокабулар од тема 4 за екологија и растителен свет со конверзација (ИКТ) - ЕКО СТАНДАРД 5: ОТПАД -Презентација на вокабулар од тема 4 за екологија и растителен свет со конверзација (ИКТ) - ЕКО СТАНДАРД 5:ОТПАД

**Лилјана Лешниковска** - Еко теми беа реализирани во рамките на редовните часови.

- ***Природни науки*** –

  **-Ела Билинска-** подготвка и реализација на еко-кампања за фрлање на отпад и негово селектирање- со ученици од еко-клубот. Презентации за рециклирање на отпад, изработка на еко постери со четврта година за здрава храна, ГМО, физичка активност за здраво тело здрав дух, за стаклена градина и глобално затоплување

**-Наташа Павловска-**Со ученичките Ангела Петковска и Нина Јовановска изработка и презентација на тема Селекција на отпад

**-Зоран Станковиќ**

1.Променливо праволиниско движење- еко (VII. ТЕМА: ТРАНСПОРТ- Транспортот и безбедноста) – дискусија

2.Механичка работа и моќност- еко (VIII. ТЕМА: ЗДРАВЈЕ - Влијанието на храната врз здравјето - истражување )

3. Полуспроводнички уреди. Алтернативни извори на енергија (еко II. ТЕМА: ЕНЕРГИЈА - Обезбедување на енергија преку алтернативни извори: соларен систем/фотоволтаици/ветерници) (Интернет - проект)

4.Влажност на воздухот (еko VI. ТЕМА: БИОДИВЕРЗИТЕТ - Влијанието на климатските промени врз биодиверзитетот)

**-Гордана Арсова**

Променливо праволиниско движење- еко (VII. ТЕМА: ТРАНСПОРТ- Транспортот и безбедноста)Механичка работа и моќност- еко (VIII. ТЕМА: ЗДРАВЈЕ - Влијанието на храната врз здравјето истражување ).Влажност на воздухот (еko VI. ТЕМА: БИОДИВЕРЗИТЕТ - Влијанието на климатските промени врз биодиверзитетот)Капиларни појави. Натопување и ненатопување (еко IV. ТЕМА: УРЕДЕН ДВОР - Наводнување на зелени површини)

Еко час-Ослободување на непотребни предмети во зградата( скршени клупи, саксии, вазни, табли стари и исушени цвеќиња и слично)

**-Станка Миновска**

Ученичките Ивана Ѓуровска и Стефани Димовска направија презентација на тема Менаџирање со отпадот во животната средина.

-Хортикултурно уредување на холот од училиштето како и на кабинетот по Биологија –со ученици од втора и трета година кои се на Проектна активност по Биологија.

- Во рамки на изучување на ***општествените науки*** е реализирано

**Снежана Бошковска** – 1. Во рамките на мисијата и визијата на нашето училиште за општествено одговорно училиште со цел воспитување на учениците во насока на обезбедување на здрав живот и воспоставување на благосостојба за сите ,во нашето училиште на 16.12.2019 год се одржа акција каде учениците изработија презентации,флаери таблоа постери на тема „ Здрава животна средина“ – селектирање и рециклирање на отпадот и обновливи ресурси. Акцијата предизвика интерес кај учениците и голем број од нив земаа активно учество.

2. Во рамките на мисијата и визијата на нашето училиште за општествено одговорно училиште со цел воспитување на учениците во насока на обезбедување на здрав живот и воспоставување на благосостојба за сите ,во нашето училиште на 16.12.2019 год се одржа акција каде учениците

изработија презентации, флаери таблоа постери на тема „ Здрава животна средина“ – селектирање и рециклирање на отпадот и обновливи ресурси. Со цел подигнување на еко свеста меѓу средношколците, учениците од гимназијата „Никола Карев“, на 16.12.2019 г.), одржаа презентација, која беше проследена со дебатата „Како да се справите со отпадот и важноста од неговото селектирање со цел да се подигне екосвеста меѓу учениците“.

https://www.slobodenpecat.mk/ucheniczite-od-gimnazijata-nikola-karev-odrzhaa-tribina-za-podignuvane-na-ekosvesta/

**Валентина Панџарова -** Уредување, чистење на просторијата ,, Давална “, како и кабинетот по општествени науки.

На часовите по **географија** обработени се еколошки содржини во следниве наставни содржини: Климатски фактори **/ Еколошка едукација-Iтема:ВОДА 12.Водата и климатските промени**

- Стопанско значење на почвите и нивна заштита / **Еколошка едукација-Vтема: ОТПАД 7. Влијанието на отпадот врз здравјето и средината**

- Бројно движење,природен прираст,градско и селско население и густина на населеноста / **Еколошка едукација- IX.ТЕМА: ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ 3. Локална, национална и глобална нееднаквост**

- Во рамки на предметите ***спорт и спортски активности*** практично се реализирани теми од областа на одржување на дворот преку организирано групно чистење на училишниот двор, реализација на темите за здрава исхрана и здрави навики за живеење;

**5.5 Работата на училишната заедница**

Целта на оваа училишна заедница е да се грижи за заштита на правата на учениците во воспитно-образовниот процес. Членови на училишната заедница се сите претседатели на класните заедници од I до IV година.

Работата на училишната заедница се одвива според програма за работа. Состаноците се организираат еднаш до двапати месечно. На состаноците се разгледува за редовноста и дисциплината, се дискутира за чувањето на училишниот имот и се предлагаат одредени содржини за подобрување на ученичкиот живот во училиштето. Одговорни професори се Александар Давидовски – проф. по Вовед во право и Билјана Костова проф. по менаџмент, психолог Гордана Б. Спиридонова и педагог Кристина Ковачевска, а од учениците Васил Ханџиски како претседател на Училишната заедница. Претседателот на Училишната заедница навремено ги изнесуваше сите идеи и проблемите со кои се соочуваат учениците и известуваше за работата на Училишната заедница пред директорот и другите координативни тела во училиштето.
Во првото полугодие, односно во периодот од септември до декември Училишната Заедница одржуваше состаноци еднаш месечно со пристуство на професор. За разлика од тоа во второто полугодие заради кризата со вирусот беше реалзиран само еден состанок во присуство на професор.

Дневниот ред на секој состанок беше усвојуван на демократски начин и беше во согласност со годишниот план на Училишната Заедница.

Од секој состанок има записник и истиот го водеше еден од двата записничари на Училишната Заедница.

На состаноците беше оставен простор за да се разговара за проблемите на нашите ученици и начини на кои може истите да се решат.

Комуникацијата со членовите надвор вон состаноците се спроведуваше преку Фејсбук групата која ја направивме. На истата членовите беа навремено информирани за идни состаноци и за активности кои ги спроведува нашето училиште.

Во учебната година 2019/2020 беа реализирани следните активности:

**-Избирање на претседателство**

*На првиот состанок на Училшната заедница се бираше: претседател на УЗ, потпретседател на УЗ, записничар на УЗ, претседател на I година, претседател на II година, претседател на III година и претседател на IV година.

**-Зајакнување на капицетот на претседателството**

* За да се зголеми капацитетот на претседателството се одржаа неколку неформални средби. На истите членовите од раководното тело стекнаа доверба еден во друг и си ја пронајдоа улогата во тимот.

**-Формирање на ИТ сектор**

*****Како Училишна Заедница сметавме дека е многу важно во училиштето да имаме функционален ИТ секор и затоа со заинтересирани ученици го креиравме истиот. ИТ секторот го користевме како техничка поддршка за нашите настани.

**-Предновогодишна свирка**

*Едукацијата како и забавата на нашите ученици ни е многу важна и затоа ја организиравме оваа предновогодишна свирка. За реализација на оваа свирка нашата заедница соработуваше со Агенција за Млади и Спорт и училипниот Биди Зелен Клуб.

-**Уредување на просторијата на Училишната Заедница**

*Оваа година Училишната Заедница доби просторија за одржување на состаноци и планирање на активности. За попријатна атмосфера истата беше уредена од страна на еден од нашите членови (Ева Стојчевска).

**-Дебата со европскиот амбасадор во Македонија (Самуил Жбогар)**

*Наши членови присуствуваа на дебата со европскиот амбасадор во Македонија и зборуваа на теми коишто се важни за младината во Македонија (невработеност, вклучесност во Erasmus+, економијата во Македонија и др.). Видеото од дебата може да се погледне на Фесјбук страната на Europe House.

**-Организирање на далечинска настава**

*Воочивме дека неорганизираното спроведување на далечинска настава преставуваше проблем за нашите наставници и учиница. Затоа како Училишна Заедница испративме молба до директорот на училиштето за да ги ограничи наставниците на две платформи за одржување на далечинска настава (Cisco Webex и Google Clasroom).

## 6.Работата на управните и стручните органи

### 6.1. Училиштен одбор

Во текот на учебната година Училишниот одбор одржа 27 редовни и 1 вонреднаседница на кои беа разгледани прашања и донесени одлуки од доменот на неговото работење.
Училишниот одбор раcправаше и ги усвои:

- Извештајот за работата на училиштето во 2018/2019 година;
- Годишната програма за работа на училиштето во 2019/2020 година;
- Финансискиот план за 2020 година;
- Формирањето на централната и помошните пописни комисии за вонреден и за редовен попис;
- Извештајот за извршениот попис за 2019 год;
- Одлуките за набавка на основни и нагледни средства, поправки, санација и адаптација за 2019 година;
- Финансискиот извештај за работењето на училиштето за 2019 година;
- Успехот и постигнувањата на учениците во текот на учебната 2019/20 година;
- Приговорите на ученици и вработени;
- Тековни прашања.

### 6.2. Раководен кадар (директор, помошник-директор)

Работата на раководниот тим на училиштето е евидентна преку овозможувањето и организирањето на наставниот процес и на вонаставните активности. Содржините што се планирани во Годишната програма се реализирани. Покрај увидот во годишните и во тематските планирања, раководниот тим на училиштето изврши увид во работата на наставниците со посета на часови.

Директорот зеде учество на повеќе состаноци организирани од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Секторот за образование на Град Скопје, и др. На тој начин, директорот се запозна со преземените активности во образовниот процес во Република Македонија, за што потоа го информираше Наставничкиот совет.

Директорот и помошниците на директорот на училиштето ги реализираа и активностите предвидени со оперативниот план, а дел од нив се:

- Организација и координација на работата со сите субјекти, учесници во наставно - образовниот процес, како и во извршување и спроведување на вонредните и поправни испити
- Учество во педагошката евиденција на крајот на учебната година
- Увид и упатства за водење педагошка евиденција
- Координација во наставата
- Следење и евидентирање на работата на наставниците
- Соработка со класните раководители

- Соработка со активите
- Формирање годишни комисии за поправни и вонредни испити
- Ученички екскурзии
- Реализација на работни состаноци со претседателите на активите и членовите на педагошко-психолошката служба за евентуално согледување на одредени проблеми како и подобра информираност за работата и реализирање на активности по наставни подрачја
- Подготовки околу почетокот како на учебната година, така и на второто полугодие
- Почетни организациони работи за завршен испит, државна и училишна матура (определување на учениците по поредмети)
- Увид во изведувањето и спроведувањето на поправните испити
- Прегледување на педагошка документација
- Изведување на Државна матура и Училишна матура
- Запишување на ученици
- Распоред (планирање).

### 6.3 Совет на родителите

Организираната воспитно-образовна работа на учениците и на наставниците не би била целосна и успешна доколку не постои соработка на релацијата наставници-родители. Во рамките на оваа соработка, мошне успешно работи и Советот на родителите, кој најнепосредно и редовно се информира за сѐ што се случува во училиштето. Мислењето и ставовите на претставниците во Советот на родителите, како и нивните забелешки и сугестии, овозможуваат да се создадат подобри услови за живот и работа во училиштето.

На одржаните седници во текот на оваа учебна година, вкупно 6, беа разгледувани тековни работи потребни за функционирањето на училиштето, и тоа:

- беше разгледан Годишниот извештај за работењето на училиштето во учебната 2018/19година;
- беше разгледана Годишна програма за работата на Училиштето во учебната 2019/20 година;
- избор на нови членови во Советот на родителите од I година;
- избор на претседател на Советот на родителите;
- програмите за реализација на екскурзии за учениците;
- осигурување на учениците;
- разгледување и анализирање на успехот на учениците во текот на класификационите периоди во учебната година и споредбена анализа со минатата учебната година (прво тримесечје, полугодие, трето тримесечје и крај на учебна година);
- предлог-мерки за надминување на констатираните слабости во успехот и редовноста на учениците;
- информација и одобрување за хуманитарни активности за финансиска помош за ученичка од училиштето со здравствени проблеми.
- информација за реализираните активности на училиштето за полагање државна матура.

Советот на родителите е вклучен и во работата на повеќето комисии во училиштето. Педагогот на училиштето ја организираше работата на Советот на родителите.

### 6.4 Одбори на родители

Одборите на родители континуирано работеа во текот на учебната година. Состаноците беа одржувани редовно после секоја родителска средба (после секој класификационен период),

Вообичаено, состаноците со одборите на родители ги одржуваа одговорните наставници:

- I година – Снежана Станкова
- II година – Катица Ристаќоска
- III година – Ана Кондовска
- IV година –Виолета Серафимовска

Во исклучителни случаи на состаноците на Одбори на родители присуствуваше и Директорот, психологот или педагогот на училиштето или некој од класните раководители. Одговорните наставници беа избрани од редовите на наставниците кои предаваат во годината, а не се класни раководители. Секој одговорен наставник поднесуваше извештај за секој одржан состанок со Одборот на родители.

### 6.5 Менаџерски тим на училиштето

Менаџерскиот тим на училиштето е составен од Директорот на училиштето, и претседателите на стручните активи. Стручните активи се работни тела составени од наставници од исти или сродни наставни предмети. Претседателот на стручниот актив е наставник кој е избран од членовите на активот на почетокот од учебната година.

| | **Име и презиме** | **Одговорност** |
|---|---|---|
| 1 | Горица Илијоска (до 29.12.2019)<br>в.д. директор Тодор Пачаџиев (од 30.12.2019 - 10.7.2020)<br>в.д.директор Венцислав Рангелов (од 13.7.2020 ) | Директор |
| 3 | Ирена Добреска | претседател на актив по македонски јазик и литерат. |
| 4 | Елеонора Симоска | претседател на актив по математика и информатика |
| 5 | Бојана Крајновиќ | претседател на актив по странски јазици |
| 6 | Ела Билинска | претседател на актив по природни науки |
| 7 | Александар Ордев | претседател на актив по уметност |
| 8 | Росица Костова | претседател на актив по спорт |
| 9 | Снежана Бошковска | претседател на актив по општествени науки |
| 10 | Борче Милошески | претседател на актив по историја и географија |

Менаџерскиот тим на училиштето, во текот на изминатата учебна година редовно ги одржување своите состаноци. Тие беа одржувани еднаш месечно – во последната среда во месецот.

На овие состаноци беа дискутирани различни прашања од работењето на училиштето. Истите се одвиваа по предходно подготвен дневен ред од страна на директорот на училиштето, а најчесто и според предходно дадени насоки кои на самиот состанок се дискутираа.

Беше констстирано дека ваквиот начин на работа е од голема корист и дека придонесува за зголемена комуникација помеѓу наставниците, но и побрз и поефикасен проток на информации. Секако и системот на донесување на одлуки на овој начин беше унапреден.

## 6.6 Стручна служба (педагог/психолог) на училиштето

Врз основа на сите програмски документи во изработката на Годишната програма за работата на училишниот педагог, психологи дефектолог, планираните активности се остварени низ Годишниот извештај за извршените активности.

Раководејќи се според изготвените месечни планови, во учебната 2019/20 година педагогот и психологот реализираа голем број активности.

Стручната служба изготви сопствена програма за работа, аукажуваше и даваше стручна помош и при изготвувањето на програмите на стручните активи. Педагогот и психологот учествуваа директно во работата на менаџерскиот тим со поддршка, координација и реализација на тековни училишни задолженија и активности. Во текот на месец септември, Службата направи увид во изготвените планови (годишни, глобални, тематски и дневни), анализирајќи го нивниот квалитет. Во месец септември се даде предлог-програма за класните часови. На раководителите на паралелките им беше доставен материјал во кој беа опфатени причините и начинот на изрекување на педагошките мерки. Во текот на месецот, Службата соработуваше со раководителите на паралелките во врска со пополнувањето на дневниците за работа, а даваше стручна помош и при организирањето на редовната, дополнителната и додатната настава со поедини професори, која се одвиваше перманентно во текот на целата учебна година.

Во текот на целата наставна година Службата успешно соработуваше со сите органи и тела во училиштето. Најчесто соработката се однесуваше на давање извештаи за бројот на учениците, успехот и редовноста. Во класификационите периоди, Службата присуствуваше и зеде активно учество на советите на паралелките и на наставничките совети.

Во врска со стручно-истражувачката и аналитичката работа, во текот на целата година во класификационите периоди се следеше успехот и поведението на учениците и се вршеше анализа на истото. По однос на подрачјето – Соработка со учениците, Службата перманентно во текот на годината реализираше индивидуална работа со учениците, особено со оние со проблематично однесување, слаб успех и лошо поведение, им помагаше на учениците кои имаат потешкотии со адаптацијата, учениците кои имаат потешкотии во наставата, реагираше навреме во случај на конфликт меѓу ученици, разговараше со учениците кои постигнуваат добри резултати, советодавна работа којашто помогна поедини ученици да ги откријат своите, афинитети, можности и способности и истите правилно да ги искористат и да ги канализираат. При тоа водат редовна документација за работата со учениците и датотека според различните потреби и карактеристики на советадавна помош и поддршка. Психологот, дефектологот и педагогот и оваа година пружија ефективна поддршка на учениците со посебни потреби, при тоа се реализираа советодавни разговори со наставниците кои предаваат на учениците со посебни потреби за адекватна помош и поддршка на учениците. Се реализираа и средби со родителите за да се одговори на соодветните потреби на учениците.

Службата постојано и будно ја следеше редовноста на учениците, преку увид во дневниците, при што се изречени и соодветни педагошки мерки за учениците, според бројот на изостаноците.

Севкупната работа со учениците и постигнатите резултати беа следени и вреднувани од страна на родителите, преку соодветни форми на соработка.

Психологот и педагогот проследија обуки во текот на учебната година кои придонесуваат кон професионалното усовршување.

Стручната служба за својата ефективна работа соработува и со ред институции во државата – Град Скопје, МОН, БРО, МТСП, ДИЦ, Социјалните центри, Одделението за превенција на малолетничка деликвенција, МВР, универзитетите и други институции посветени на образованието во државата.

### 6.7 Наставен кадар

Наставниците се организирани и функционираат во осум стручни активи, и тоа:

- Стручен актив по македонски јазик и литература;
- Стручен актив по математика и информатика;
- Стручен актив по природни науки;
- Стручен актив по странски јазици;
- Стручен актив по општествени науки;
- Стручен актив по спорт и спортски активности;
- Стручен актив по уметности;
- Стручен актив по историја и географија

Наставниците се членови и на повеќе комисии кои функционираат во училиштето.

Стручните активи во текот на учебната година редовно одржуваа состаноци и поднесуваа извештаи за својата работа до Директорката. Исто така, претседателите на стручните активи најмалку еднаш во класификационен период одржуваа состанок со Директорката. На крајот на полугодието секој актив поднесе полугодишен извештај, а на крајот на учебната година годишен извештај за работата на активот.

Наставниците се членови и на повеќе комисии кои функционираат во училиштето:

- Одговорни наставници по години, следење на постигнувања и прегледување на педагошка документација
- Комисија за следење, унапредување и усовршување на наставата
- Комисија за организирање екскурзии
- Комисија за проектни активности
- Комисија за електронско следење на информации од Е-дневник и претставување на училиштето на Интернет:
- Комисија за учебници
- Комисија за следење на редовноста на учениците:
- Комисија за прослави и одбележувања
- Комисија за матурска вечер и табло
- ЕКО одбор

### 6.8 Наставнички совет на училиштето -

Во текот на учебната 2019/20 година Наставничкиот совет на училиштето одржа 32 седници. На седниците на Наставничкиот совет, во рамките на неговите надлежности, задачи и активности, во текот на целата учебна година се расправаше и се решаваа прашања што се поврзани со учениците и со наставниците. На состаноците се разгледуваа, анализираа, предлагаа и се утврдуваа:

- насоките за работењето на училиштето во учебната 2019/20 година;
- Годишната програма за работата на училиштето во 2019/20 година;
- Извештајот за работата на училиштето во 2018/19 година;
- паралелки (број на ученици) за учебната година;
- раководители на паралелките во учебната 2019/20 година;
- распоредот на часовите за 2019/20 година;
- се разгледуваа молби од учениците;

- се формираа комисии (Училишна матурска комисија, Училишна комисија за екстерно проверување на учениците, Училишни предметни испитни комисии, Училишна уписна комисија и др.);
- се информираше за успехот, редовноста и поведението на учениците и се изрекуваа педагошки мерки и се анализираа истите;
- се предлагаа мерки за подобрување на успехот, редовноста и поведението на учениците;
- се поднесуваше извештај од реализираните родителски средби;
- се даваше предлог за запишување на ученици во прва година во новата учебна 2019/20 година;
- се дискутираше за организирање и реализирање наученичките екскурзии;
- се дискутираше за организацијата и реализацијата на државната матура и училишна матура за завршната година;
- се информираше за резултатите од учеството на учениците на натпревари и на други манифестации;
- се зборуваше за работата на стручните активи;
- се дискутираше за активностите за одбележување на значајните датуми;
- се избираше и се прогласи првенецот на генерацијата;
- се формираа комисии за тековни активности;
- се информираше за спроведените испити;
- се информираше за резултатите од матура, екстерно проверување и од другите испити;
- се даваа тековни информации.

Во текот на целата година, Наставничкиот совет расправаше по сите прашања и проблеми што се појавуваа при реализацијата на активностите планирани во Годишната програма. Наставничкиот совет ги разгледуваше причините и донесуваше мерки за подобрување на успехот и на редовноста на учениците.

## 8. Извори за финансирање на училиштето -

Училиштето добива финансиски средства од:

- Министерството за образование и наука;
- Локалната самоуправа – Град Скопје;
- Вонредните ученици;
- Издавањето под наем спортската сала, булка и простор за бифе;

Финансиските средства што ги добива училиштето се водат на годишно ниво (а не на ниво на учебна година), па затоа не се дадени во износи во овој извештај. Податоците за приходот и расходот на средствата во училиштето се наоѓаат во завршната сметка на училиштето, која се усвојува од Училишниот одбор во февруари за претходната календарска година, а која се доставува до надлежните институции.

### 8.1 Осовременување и реновирање во училиштето – 2019/20 учебна година

- Набавени нагледни средства за секој од активите;

## 9. Соработки на училиштето

### Соработка со родителите

Нераздвоен сегмент на воспитно-образовната работа е и соработката на стручниот тим и на целиот наставен персонал со родителите. Постојаните контакти со родителите и со учениците овозможија надминување на одредени проблеми. Воспоставена еквалитетнакомуникација на релација наставник-ученик-родител, иако на овој план може да се работи уште многу. Во текот на секое тромесечие се одржуваше Отворен ден за родители по одржаните родителски средби со можност родителите да разговараат со наставниците кои предаваат на нивните деца.

Разговорите на родителите со педагогот и со психологот придонесуваат за полесно трасирање на развојниот пат на ученикот, но и за навремено интервенирање во случај на негативно однесување.

**Соработка со институции -**

Во насока на реализација на воспитно-образовниот процес, училиштето соработуваше со **Одделението за образование на Град Скопје**, **Министерството за образование и наука – Секторот за основно и средно образование, Бирото за развој на образованието и Државниот испитен центар**, барајќи стручна помош во решавањето на лоцираните проблеми (запишување на учениците во прва година, вработувањата во училиштето, државната матура, семинарите, и сл.).

Нашето училиште се вклучи и во реализацијата на донесената Програма за активности на Град Скопје од областа на средното образование во 2019/20 година. Во согласност со тоа, во текот на учебната година се вклучивме во реализација на поголемиот дел од долунаведените активности:

| **Ред.бр.** | **Име на здружение** | **Име на проект** | **Временска рамка** |
|---|---|---|---|
| **1** | Здружение на граѓани за подобрување на себе си и другите СФЕРА Скопје | Средношколски игри 2019 | Октомври 2019 |
| **2** | Здружение за заштита и унапредување на животната средина ЕКО ЛОГИК | Камп за одржливост- втора епизода | Од април до ноември 2019 година |
| **3** | Асоцијација на граѓани „Феминистичка иницијатива“ Скопје | Центар за превенција од насилство на Град Скопје | Од мај до декември 2019 година |
| **4** | Здружение за одржлив развој и заштита на животната средина Гоу Грин Скопје | Еколошко образование и младински активизам за почист воздух | Од април до ноември 2019 година |
| **5** | Македонска асоцијација за применета психологија СИМБОЛИКУМ Скопје МААП | Развивање на емоционалната компетентност | 15.04.-15.11.2019 |
| **6** | Дирекција за култура и уметност-Скопје | Мај месец на матурантите | Април-Јуни 2020 |
| **7** | Младински образовен форум | Младинска академија за слобода на изразување | 01.05 – 31.09.2019 |
| **8** | Здружение на граѓани СМАРТ АП – Лабораторија за социјални иновации | Насочи ме- дигитална платформа за кариерно насочување на средношколци | 01.07.-31.11.2019 година |
| **9** | Здружение за културна соработка ИНТЕРКУЛТУРА | Иднината сега | 15.04.-30.10.2019 година |

**Дополнителни соработки на училиштето**

| Ред. бр. | Име на здружение/Институција | Име на проект |
|---|---|---|
| 1. | Град Скопје и диспанзер Карпош | „Превентива од употреба на психоактивни супстанции“ |
| 2. | Првата детска амбасада Меѓаши | ,, Мировно образование ” |

**Соработката** на училиштето **со локалната средина** не е нова компонента во дејноста на средното образование. Во сите документи во кои, повеќе или помалку, се реформира воспитно-образовниот систем, посебно значење ѝ се придава на оваа соработка, со единствена цел училиштето што повеќе да се доближи до локалната средина. Од педагошки аспект, училиштето активно се вклучи во средината во којашто е лоцирано, преку информирање за постигнатите резултати, за присутните состојби и проблеми, како и за разни видови соработка, почнувајќи од соработката со родителите (како најзаинтересирани субјекти за работата на училиштето), преку соработката со другите воспитно-образовни установи и институции од областа на културата и стопанството, па сè до соработката со разни органи и организации.

На тој начин се презентираат постигнатите резултати од работата на училиштето и се афирмира училиштето – како културен и образовен центар.

Оваа учебна година училиштето оствари соработка со Гарден центарот „Булка“ кој меѓу другото зеде учество во организирање на сите ЕКО активности во училиштето.

**Соработката со основните училишта**. Во почетокот на учебната година беа испратени списоци на ученици кои се запишани во прва година во нашето училиште до основните училишта каде што тие го завршиле своето основно образование. Со тоа се дава повратна информација на основните училишта околу интересите на нивните ученици по завршување на основното образование.

**Соработката со високото образование** - Согласно препораките од Совет на Град Скопје, во текот на последното тромесечие во СУГС гимназија „Никола Карев“ се организираа бројни посети од страна на високообразовните институции. Посетите беа однапред најавувани и на професорите, и на учениците, а за оние кои беа особено заинтересирани да дознаат повеќе, имаше посебен термин надвор од наставата, во кој беа организирани презентации на наставните програми на соодветните институции.

Целта на овие посети беше да им се даде можност на нашите ученици од последната година одблизу да се запознаат со своите можности за продолжување на образованието и да го одберат најсоодветното за себе, зависно од своите интереси и желби.

Во продолжение е листа на високообразовните институции кои реализираа посети и презентации во нашата гимназија: Машински факултет, Медицински факултет Словачка – за ученици заинтересирани да студираат медицина, American College, Технолошко металуршки факултет, Балкански универзитет, Висока школа за новинарство и за односи со јавност, Европски универзитет, ФОН, Филолошки факултет, ЕСРА, Електротехнички факултет, Економски факултет, Александрија, ФИНКИ, Земјоделски факултет.

Унапредувањето на здравјето на учениците е постојана грижа на училиштето. Училиштето **соработува со поликлиниката Букурешт и здравствен дом Карпош,** каде што беа извршени систематски прегледи за учениците.

Општествено корисна и културна работа е реализирана и со организирана посета на саемите „**Техномa“, „Инфоком“, „Саемот на книгата“, „Денови на образование и кариера“,**

**„Сеизмолошкиот опсерваториум“** при **ПМФ** и др. Секако, општествено корисна работа промовиравме заедно со учениците преку средување на училниците и училишниот двор и овозможување истите да бидат што е можно попријатно место за учење, работа и престој на учениците.

Секој од активите имаше можност да оствари различни видови на соработки со различни институции во зависност од природата на предметите кои во тој актив се изучуваат. Во продолжение може да се погледнат дел од остварените соработки во дел од активите:

- Македонски. Министерство за образование и наука, Собрание на Град Скопје, Министерство за труд и социјална политика, БРО, МОФ, Црвен крст, МНТ, МИМ, Нова Македонија, Драмски театар, Универзална сала, Висока школа за новинарство и односи со јавност , Кинотека на РМ, Општина Карпош, Градска библиотека, ДИЦ, ФДУ, Театар комедија, Театар за деца и младинци, Кинотека на Македонија, ГБ ,,Браќа Миладиновци‘‘, Фондација Никола Кљусев, Рацинови средби, Факултет за драмски уметности, Агенција за млади и спорт, Институт за македонски јазик. И оваа година соработка со невладината организација ,,Search for Common Ground“ (,,Потрага за заедничка основа“) која го спроведуваше проектот на USAID за унапредување на социјалната кохезија ,,Нови херои“.
- *Странски јазици* - Димовска Сава **-** Посета на Кинотеката на Северна Македонија на ученици од 2 и 4 година,20.11.2019 Француски филм „Љубоморна„; Во организација на Министерството за надворешни работи на Франција и мрежата на Француски институти ширум светот и ИФ Скопје присуствуво (прва, втора и трета година) во Europe House Skopje на Меѓународен настан „Ноќ на идеите 2020“ на тема: Влијанието на климатските промени врз живиот свет, на ден 07.2.2020 год; Лилјана Лешниковска - Посета на Кинотеката на Северна Македонија, со филмот избран за дебата: „ Фамилијата Белиер“ и документарниот филм: „Си била една шума“, по повод француско-германското пријателство и 57 години од потпишувањето на Елисејскиот договор;
- *Информатика*.Соработка соМајкрософт МакедонијаиЦертиадриа **-** официјален партнер на Цертипорт за Македонија и регионот за интернационалниот натпревар „Microsoft Office Specialist”; Г.Скопје и Секторот за образование на Град Скопје; Стопанска Банка на Р. Македонија.

- *Физика/ Хемија/ Биологија* -ПМФ -Институт по биологија - Црвениот Крст на општина Карпош**,** Завод за трансфузиологија, Електротехнички факултет, Астрономско друштво на Град Скопје
- *Историја/Географија*. Наставник Марица Шиндиловска соработка со Штипскиот универзитет ``Гоце Делчев``; „Комуна“ - Скопје - собирање на стара хартија; Соработка со Завод за статистика - Скопје - за наоѓање на нови статистички податоци и нивна примена во наставата по географија; Соработка со Институтот за Национална Историја (ИНИ), МАНУ, Народна универзитетска библиотека (НУБ), Катедрата по историја при Филозофскиот Факултет, Архив на Македонија, Музеите на Македонија, Канцеларијата на Европската Унија, Еврејската заедница на Македонија, Народна банка на Македонија. ; Учество на ИГЕО-ПОРТАЛК со свој текст Соко Бања-„ Оаза на кислород во Европа„ - УТМС и ЗП „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ “; Соработка со Здружението на Историчарите на Република Македонија и Институтот за Национална историја Скопје – Изложба по повод на Патронатот на Училиштето – Фотографии од Старо Скопје.
- *Општествени науки*. Соработки со: философскиот факултет и философското друштво на Македонија, соработка со локалните институции и соработка со Град Скопје. Програма ,, Учиме право“ - народна канцеларија на Претседателот на РМ; Соработка со Философскиот

студенски клуб „Отворен куфер“, од Филозофскиот факултет, Философското друштво на Македонија, Црвениот Крст, Хера, МОФ, Фондација Никола Кљусев. Соработка со Криминолошкиот Музеј во склоп на Центарот за едукација на кадри Скопје. Давидовски Александар- Адвокатска комора на РСМ, Дирекција за заштита на лични податоци Николина И. Котевска - Соработка со комората на психолози, Соработка со локалната заедница

- *Ликовна и музичка уметност*. Ликовна уметност Александар Ордев и Ана Кондовска **-** Град Скопје**,** Лидице-Република Чешка Друштво на ликовни педагози – Скопје**,** Продукцијата „КТ Филм и Медиа“**,** Агенција за филм на Република Македонија, Кинотека на Македонија, „Остен“**,** Прва детска амбасада „Меѓаши„Новум и МЗДС академијата**;** МСУ

**Извештајот за работа на училиштето за учебната 2019/20 година го подготвија:**

- Гордана Б.Спиридонова- психолог
- Кристина Ковачевска – педагог

**Главен носител во изработка на Извештајот за работа:**

- Венцеслав Рангелов – в.д. директор